

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ







## СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

Скопје, 2004

**КАТОЛИЧКИ СЛУЖБИ ЗА ПОМОШ**
**CATHOLIC RELIEF SERVICES (CRS)**

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## - Студии на случај -

Уредник:
Голубина ЃЕОРЃИЕВСКА

Редактор:
Проф. д–р Марија ТАШЕВА

Проектот е поддржан од Американската агенција за меѓународен развој (USAID) и Католичките служби за помош (CRS)

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

371.214.112:342.7(497.7) (082)
37.035(497.7) (082)

ЗАЈАКНУВАЊЕ на граѓанското општество и поттикнување на партнерствата преку програмите за граѓанско образование: студии на случај – / [уредник Голубина Ѓеорѓиевска; редактор Марика Ташева]. – Скопје: Католички служби за помош – ЦРС, 2004. – 59 стр.: илустр.; 29 см

ISBN 9989–57–317–4
1. Ѓеорѓиевска, Голубина 2. Ташева, Марија
а) Граѓанско образование – Основно воспитание и образование – Имплементација – Македонија
COBISS.MK-ID 59854602

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **БРО** | – Биро за развој на образованието |
| **МЦГО** | – Македонски центар за граѓанско образование |
| **МОН** | – Министерство за образование и наука |
| **НВО** | – Невладина организација |
| **ОУ** | – Основно училиште |
| **УНЕСКО** | – Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура |
| **УСАИД** | – Американска агенција за меѓународен развој |
| **ЦРС** | – Католички служби за помош |
| **ХЗГ** | – Хуманитарно здружение на граѓани |
| **ХДЗР** | – Хуманитарно доброволно здружение на Ромите |

# ПРЕДГОВОР

Нашето општество е во фаза на транзиција и затоа настојува изгубеното време да го надополни со интензивирање на процесите што значат развој на економијата, образованието, здравјето и технологијата, и тоа со активно вклучување на граѓанинот во овие развојни процеси. Тоа ќе го овозможи нашето вклучување во семејството на демократските земји.

Убеден сум дека сите ние кои сме поврзани со системот на образованието треба заеднички да се ангажираме во реализацијата на целите за едукација за мир, човекови права и демократија на децата, младината и возрасните. Затоа решително треба да се ангажираме образованието да се темели на принципите и методите коишто ќе помогнат да развиеме личност на ученик кој, пред сè, ќе умее да го почитува човековото битие, да промовира мир, човекови права, доверба и демократија.

Едукацијата за разбирање, солидарност, толеранција и почитување кон другите, нè потсетува на зборовите на поранешниот директор на УНЕСКО, Федерико Мајор: „Децата треба да ги учиме како да го избегнуваат насилството, како на мирен начин да ги решаваат конфликтите, да ги воспитуваме во духот на алтруизмот, транспарентноста, почитувањето на другите, самодовербата, заедништвото“.

Со голема одговорност тврдам дека мирната иднина се потпира на секојдневните активности и однесувања на граѓаните. Ако ова го прифатиме како вистина, тогаш нема сомнение дека содржините од програмата „Граѓанско образование“ претставуваат еден од битните извори за позитивни промени на граѓанската свест, едукација за толеранција, одговорност и правда во нашите училишта, нашите домови, но, пред сè, во нашите срца и мисли.



Граѓанското образование во Република Македонија уште не е оформено како посебен предмет, туку има повеќе практичен и интердисциплинарен карактер. Во одделенската настава (од I до IV одделение) посебно внимание се посветува на содржините за развој на основните права на детето и на иновирањето на формите и методите со кои се мотивира социјализацијата,

кооперативноста, воспитувањето за толеранција и градењето доверба и почит меѓу децата од I до IV одделение.

Во предметната настава на основното образование, поконкретно во V и VI одделение, во рамките на паралелката се изведуваат проектни активности, односно се идентификуваат и решаваат проблеми поврзани со животот на учениците на оваа возраст и локалната заедница.

Во VII и VIII одделение на основното образование е воведен предметот граѓанска култура. Овој предмет има за цел да развива личност која активно ќе учествува во граѓанскиот живот, односно во создавањето на граѓанско општество.

Во основното образование во периодот од 1996–2004 година се направени измени во Законот за основно образование, Наставниот план и програмите. Во нив, покрај другите иновативни методи и принципи, се опфатени и основните принципи за едукација за граѓанска свест кај учениците: демократичност, отвореност, толерантност и доверба кон другите. Споменатите принципи појасно се конкретизирани во содржините на програмите на граѓанското образование кои во основното образование на Република Македонија за прв пат, во вид на проект, беа воведени во 1998 година. Активностите на овие програми беа поддржани од Католичките служби за помош и Американската агенција за меѓународен развој.

На крајот би сакал со заедничко ангажирање и соработка на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, менторите и наставниците реализатори на граѓанското образование, програмата да се вклучи како посебен предмет и правилно да се структурира во наставните планови и програми, како и во организацијата и реализацијата на сите воспитно – образовни подрачја на училиштето.

**Ќамил Целадини,**
директор на Бирото за
развој на образованието

# ВОВЕД

Граѓанското образование повеќе децении претставува многу значаен сегмент на образованието во европските земји. Години наназад, на него се гледа, од страна на субјектите вклучени во планирањето на образовната политика на Република Македонија, како на образование кое соодветствува на базичните цели на реформите на нашиот образовен систем. Целта на граѓанското образование се поклопува со круцијалната цел на реформата на воспитно – образовниот систем во Република Македонија, а тоа е зголемувањето на неговата воспитно – образовна функција и формирањето свесни и морално одговорни граѓани, способни за активен живот и работа во демократското општество и пошироко во светската заедница на народите.

Воведувањето на граѓанското образование во Република Македонија, април 1998 година, започна со потпишување на протокол за соработка меѓу Министерството за образование и наука – Бирото за развој на образованието и Католичките служби за помош (ЦРС), со поддршка од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД).

Во периодот на подготовка беа анализирани повеќе наставни програми за граѓанско образование и според методските, дидактичките и културните карактеристики се донесе одлука за воведување на програмите: „Основи на демократијата“ и „Ние народот... Проект граѓанин“.

Програмата „Основи на демократијата“ има за цел да ги вгради кај учениците основните начела на демократското однесување. Таа обработува четири носечки концепти: Авторитет, Правда, Одговорност и Приватност. Тоа е интердисциплинарна програма што се реализира низ сите наставни предмети кои даваат можност за интегрирање во нив. Програмата се реализира со децата од предучилишна возраст и со учениците од I до IV одделение.



Програмата „Ние народот... Проект граѓанин“ претставува проектна активност чија цел е поттикнување на интересот на учениците за проблемите во нивната непосредна околина, како и уна–

предување на свеста дека тие можат и дека треба да бидат активни учесници во животот на својата заедница. Имено, основна цел на оваа програма е преку разрешување на проблемите да научат за функционирањето на институциите на власт и за надлежните служби и да се оспособуваат за идно активно учество во власта и јавната политика. Оваа програма е воведена за учениците од V и VI одделение, а содржините се реализираат за време на одделенските часови.

Со оглед на тоа што проектните активности се усогласени со возраста на учениците, програмата „Ние народот... Проект граѓанин“ може да се реализира во целиот тек на образовниот процес.

Програмата се реализира во шест чекори: идентификување на проблемите од непосредната околина; одбирање и дефинирање на проблемот; собирање информации за одбраниот проблем; изработка на портфолио; претставување на портфолиото и осврт на наученото. Во програмата се вклучени учениците од V и VI одделение.

За успешна реализација на програмите беше организирана и реализирана обука на сите воспитувачи кои работат со децата од предучилишна возраст, наставниците од одделенска настава и наставниците кои се одделенски раководители во V и VI одделение. Во обуката беа вклучени наставници и воспитувачи од сите основни училишта и предучилишни установи во Македонија.

Како круна на сите нивоа на партнерство беше поставувањето на стандарди за граѓанското образование што го реализира Одделението за оценување (БРО) и ЦРС.

Граѓанското образование во периодот од шест години поттикна бројни партнерства, кои дадоа силна поддршка на образованието во сите степени: предучилишно, основно, средно и високо.

Овие студии на случаи ги презентираат практичните искуства и влијанија на програмите за граѓанско образование во наставата, кај учениците, наставниците, родителите, директорите и воопшто на училиштето како „мало општество“.

Во студијата се застапени две главни теми, и тоа:

❶ **Зајакнување на граѓанското општество преку програмите за граѓанско образование;**

❷ **Поттикнување на партнерства за поддршка на развојот на образованието.**

**Голубина Ѓорѓиевска,**
раководител на работната група
за граѓанско образование при БРО



ТЕМА:

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВЛИЈААТ НА ПРОМЕНИТЕ КАЈ ДЕЦАТА

## Потребата од програми за граѓанско образование

Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година се создадоа нови можности и предизвици за образованието, особено во однос на демократизацијата на образовниот процес, неговото осовременување и усогласување со европските и светските нормативи и стандарди, кои на преден план ја ставаат образовната компонента, квалитетот на знаењето и, во тие рамки, поединецот.

Во услови кога се напушташе стариот систем на економско, политичко и општествено живеење, за кој важеа едни вредности, неопходно беше создавање на нови кои ќе предизвикаат промени во образовниот систем и ќе овозможат развој на личност која ќе преземе индивидуална, семејна и граѓанска одговорност.

Потребно беше да се создадат програми преку кои ќе се постигнуваат целите на граѓанското образование.

## Програми за граѓанско образование изработени во Македонија



Реализацијата на програмите „Основи на демократијата“ и „Ние народот... Проект граѓанин“ ја наметна потребата од создавање програми за граѓанско образование и за учениците од седмо и осмо одделение. Нивната изработка е направена врз основа на анализата на граѓанското образование во повеќе земји во Европа и во светот.

Исто така, и за средното стручно образование е изработена програма за граѓанско образование, а изработена е и програма за наставниот предмет основи на демократијата со методика кој се предава на студентите од четврта година на Факултетот за наставници во Битола.

## Влијанието на програмата „Основи на демократијата“ во градењето демократска личност во предучилишните установи

Најголемото искуство во учењето децата од предучилишната возраст го добиваат во својот дом и во локалната заед–

ница. Меѓутоа, за развојот и проширувањето на нивоата на искуството на децата многу важен придонес има предучилишното образование.

**Што се постигнува со програмата „Основи на демократијата“?**

На децата преку обработката на приказните кои се однесуваат на четирите концепти, преку раскажувањето приказни, преку играњето улоги, симулации, драматизации и сл. им се помага да развијат доверба кон другите, да развијат самодоверба и социјални, интелектуални и креативни способности. Тие растат свесни за и со почит кон околината и разликите меѓу луѓето, за одговорностите што ги имаат во домот, градинката или забавиштето, за тоа што мислат за правилата на однесувањето, за екологијата, за почитувањето на приватноста итн.

## Влијанието на програмата „Основи на демократијата“ врз градењето демократска личност во основното училиште (I - IV одд.)

Училиштата ги прошируваат искуствата на децата од нивното семејно и предучилишно образование. Во основното училиште, поточно од I до IV одделение, во програмата „Основи на демократијата“ се изучуваат четирите концепти на четири нивоа кои нудат можности за унапредување на резултатите од учењето поврзани со граѓанското образование. Основните училишта особен напредок направија во обезбедувањето можности на децата да учествуваат во донесувањето на нови и менувањето на старите правила во својата средина, во донесувањето одлуки на ниво на одделение, во планирањето и изведувањето активности кои им помагаат да разберат и да преземат одговорност во паралелката или семејството, одговорност кон учењето, почитување на туѓото мислење и правото на сопствен избор (избирање претседател на одделенската заедница со гласање) за формирање сопствен став и сл.

### Пример

**Учениците од основното училиште „Димо Хаџи Димов“ во Скопје** забележаа мали, но значајни подобрувања во паралелката како резултат на усвојувањето на концептите Правда, Одговорност, Авторитет и Приватност.

Девојчињата помалку се жалат на непристојното однесување на момчињата. Редовноста е зголемена, односно нема ученици кои неоправдано изостануваат од наставата. Часот започнува веднаш по ѕвонењето на ѕвончето и сите ученици се присутни во училницата. Хигиената во паралелката е подигната на повисоко ниво. Нема поплаки за недостиг на моливи, острилки и сл. Најсрамежливиот ученик веќе се вклучува во играњето улоги, симулации и сл. Децата се горди на своите постигнувања, а, исто така, и наставничката и директорката на училиштето. Тие се пример за останатите ученици.

**Пример**

**Што направија учениците од Основното училиште „Владо Тасевски“ во Скопје?**

Членовите на новинарската секција од IV–а одделение, во соработка со тимот за граѓанско образование во училиштето, поканија еден познат новинар за да разговара со учениците за една негова статија објавена во еден од дневните весници. Тие го распрашуваа новинарот за тоа како го оформил својот став во однос на проблемот што го разработил во статијата. По завршувањето на разговорот децата добија задача да изберат други статии, да ги разгледаат и да напишат своја статија.

**Што научија учениците?**

Тие разбраа дека за еден ист проблем луѓето можат различно да размислуваат и различно можат да го интерпретираат, да размислуваат критички, да формираат свој став и дека можат да ја препознаат вистината.

**Што научи наставничката?**

Таа стана свесна дека целите на граѓанското образование се поклопуваат со целите на другите наставни предмети и дека има можност за интеракција меѓу одделните наставни предмети.



## Влијанието на програмата "Ние народот... Проект граѓанин" врз создавањето демократска личност

Граѓанското образование има ново значење за децата од десетгодишна возраст кои се соочуваат со многу нови предмети и нови теми поврзани со животот во локалната заедница. Многу од темите со кои се соочуваат во понатамошното образование (решавање одредени проблеми, донесување одлуки, формирање ставови) бараат поголемо знаење и разбирање на современите теми и процесите на донесување одлуки. Учениците треба да знаат како можат да ги поврзат знаењето и разбирањето со голем број вештини и способности во определувањето одреден проблем, собирањето и анализирањето податоци, изработувањето извештај, вреднувањето на сопствената работа и однесување и сл.

Примената на програмата „Ние народот... Проект граѓанин“ доведе до многу добри резултати во однос на развојот на демократијата и атмосферата во одделни училишта. Директо–

рите и наставниците сметаат дека се чувствува голема промена на училишната клима. Некои основни училишта имаат училишна заедница, некои, пак, училиштен детски парламент и имаат делегирано членови во државниот детски парламент.

### Пример

**Учениците од V одделение од Основното училиште „Ацо Шопов“ во населбата Радишани** повикаа стручно лице од Министерството за сообраќај. Часот беше организиран во вид на презентирање реален животен настан. Таткото во едно семејство доживеал несреќа и не бил повеќе способен да работи. Семејството западнало во материјални и други тешкотии. Обврската на учениците беше да размислат и да најдат решение што треба да направи тоа семејство. Сите ученици од паралелката дадоа свои идеи што да преземат, на која институција или работна организација да ѝ се обратат, какви писма да напишат или какви обрасци треба да пополнат и сл. Потоа претставници од паралелката разговараа со претставници од Центарот за социјални работи и претставници од некои работни организации кои нудеа работа и така го решија проблемот.

**Што научија учениците?**

Научија да направат избор на реален животен проблем, да ги бараат и пронајдат патиштата за негово решавање, кој со што може да помогне и со какви средства. Научија нешто за доживувањето на синергија – како меѓусебно да си помагаат и да создаваат позитивна енергија за меѓусебна поддршка, соработка и помош.



**Лилјана Ѓорѓиоска,**
Биро за развој на образованието
Скопје

# ИСКУСТВА НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА КОИ ГО РЕАЛИЗИРААТ ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕГИОНОТ НА КУМАНОВО

Од воведувањето на граѓанското образование во училиштата, 1999/2000 година, до денес направени се бројни увиди на часови, одржани се голем број дебати, лични и групни контакти со наставниците, сè со цел да се согледаат впечатоците, резултатите и мислењето на наставниците за реализацијата на целите, како и придобивките од примената на програмите на граѓанското образование.

Од анализите на сите тие искуства може да се констатира дека речиси сите наставници, главно, се сложуваат во следните ставови:

- *Преку обуката за граѓанско образование учениците се оспособуваат за учење во текот на целиот живот, неопходно за постигнување на демократски вредности.*
- *Граѓанското образование им помага за лично осознавање и стекнување способност да си помогнат себеси и на другите и да предизвикуваат промени.*



Еве неколку изјави за личните искуства на наставниците кои реализираат програми за граѓанското образование.

## Наставник во III одделение:

Кратко време по семинарот за граѓанско образование почувствував срам од мојата досегашна работа, пред сè поради моите авторитативни предавања, примената на понижувачки правила, непочитувањето на приватноста, употребата на сила...

Размислувајќи за промените, решив уште од првиот работен ден на новата учебна година во основата на мојот нов пристап на работата со учениците да ги вградам четирите основни концепти: Правда, Авторитет, Приватност и Одговорност, на начин кој ќе ги развива кај учениците вештините за демократско фукционирање на часот. Програмите почнаа да се чувствуваат. Ја разбивме монотонијата и едноличноста на часовите, децата со задоволство ги прифаќаа моите иницијативи и предлози.

Чувството на поголема самосвест, поголема одговорност и нови сознанија се позитивните придобивки од граѓанското образование за учениците. Обично конкретната акција е по–

малку важна од чувството дека имале можност да сторат нешто за да им помогнат на другите или, пак, себеси. Нивното учество во демократските процеси се зголемува, затоа што тие го поврзале знаењето со акција. Се чини дека тие почнуваат да се однесуваат кон заедницата со поголема почит и соработка. Сега се доживуваат себеси и другите како вредни членови на општеството, затоа што некој ги сослушал нивните идеи и размислувања и кон нив се однесуваат со почит.

### Наставник - по четири години практикување демократија:

По детално размислување за мојата досегашна работа (до семинарите за граѓанско образование) заклучив дека: Тоа што морав да го правам беше да дојдам на работа со готов план за лекциите и дека исклучиво од мене зависеше како ќе го водам часот, по кои насоки, како ќе ги контролирам и мотивирам учениците.

Најчесто се слушав само себеси и ги гледав замолчаните ученици. Беше здодевно и за мене и за учениците.

Сфатив дека учениците ги учиме само да слушаат, не бараме да го кажат својот став, не ги учиме да ги почитуваат туѓите гледишта, не се бара критички да размислуваат за проблемите и прашањата во училницата и надвор од неа. Јас се поставував како да знам сѐ, а учениците ништо. Моите методи на предавања поттикнуваа однесувања и вредности спротивни на демократските идеали.

Почнав да верувам дека треба и можам да направам многу повеќе за да им дадам сила на моите ученици да станат поспособни за живот. Сфатив дека за да може демократијата да функционира во образованието, таа треба да се практикува и дека време за чекање нема, бидејќи тоа е долготрајно учење. Да се лишат децата од оваа обука, значеше да се намали и да се задоцни нивниот личен раст.

Преку разговорите со колегите, следењето на печатот и другите настани околу мене, од честото навраќање на програмите за граѓанско образование, почнав да си давам одговор на прашањата што ме мачеа:

*Што е тоа демократија?*

*Да, треба да ги учам на соодветно однесување кога се сами, кога се во група, во домот, во училиштето, во јавноста!*

Решив да градам и создавам демократска училница. Во мојот нов пристап на работата водечки ми беа идеите: заедница и заедничко донесување одлуки, учење со соработка и индивидуално и групно решавање на проблемите.

Така почнавме заедно да ги донесуваме правилата на однесување и работа.

Им објаснив дека тешко можеме да ги менуваме содржините за работа, но затоа, пак, можеме да ги избираме техниките и темпото на работа, домашните задачи и вежби.

Јасно им ги кажував целите на часот. Постојано го поттикнував чувството на заедништво и кооперативност, почитта кон туѓото мислење и одговорноста за сопствената едукација. Знаевме и да се насмееме, да се релаксираме. Мојата цел беше да им се помогне на учениците да се запознаат меѓу себе како личности со различни приоритети, потреби и вредности. Често часовите ги почнувам со вежби за меѓусебно запознавање и заедништво: „Погоди кој сум“, „Мојата омилена играчка и јадење“, „Заедно сме посилни“, „Градење кула од весници, карти“, „Активно и пасивно слушање“, „Јас сум“ итн.

Воведовме и „кутија за тајни“ во која секој ден пишувавме лични проблеми и пораки. Секој ден се отвораше кутијата и се читаа ливчињата. Учениците сфаќаа дека сите имаат исти или слични проблеми, со што се поттикнуваше чувството на заедништво.

## Искуствата на еден наставник со моделот на групна работа:

По долго набљудување и запознавање на децата, често го применував моделот на групна работа со следните улоги.

| Набљудувач | Учесник | Помошник |
|---|---|---|
| 1. Ги набљудува и ги слуша другите.<br>2. Размислува за работата која треба да се направи. | 1. Ги набљудува и ги слуша другите.<br>2. Размислува за работата која треба да се направи. ПЛУС.<br>3. Дава идеи.<br>4. Поставува прашања.<br>5. Одговара на прашањата.<br>6. Работи добро со другите. | 1. Ги набљудува и ги слуша другите.<br>2. Размислува за работата која треба да се направи.<br>3. Дава идеи.<br>4. Поставува прашања.<br>5. Одговара на прашањата.<br>6. Работи добро со другите.<br>7. Ги вклучува родителите.<br>8. Ги држи работите под контрола.<br>9. Секој работи на проблемот.<br>10. Ги пофалува и поттикнува другите. |

Запознавајќи се меѓу себе, во последно време учениците започнаа сами да ги формираат групите зависно од проблемот, задачата и нивните интереси.

### Поттикнување на слободата на изразување кај учениците

*„Многу често ги користев внатрешните потреби на децата да пеат, да танцуваат и да глумат. Едноставно, кога децата пеат, играат или танцуваат, тие праќаат пораки кон средината, ја запознаваат, ја доживуваат. Сето тоа води кон социјализација, другарство, солидарност.“*

## Поттикнување на творечкото мислење со примена на техниката *бура на идеи*

„Демократското граѓанско општество не можеме да го градиме без граѓани со слобода на изразување, со слобода на мислење, давање идеи за решавање проблеми итн.

***Бурата на идеи*** *ми е честа техника на работа со учениците. Таа е одлична за поттикнување на творечкото мислење, за собирање голем број идеи за решавање проблеми. Со оваа техника опфаќам или поединци или групи, зависно од проблемот. Ја работам усно или писмено. Техниката е лесна и забавна за учениците. Донесовме и некои правила за нејзиното спроведување, како:*

- *Сите идеи се запишуваат и се корисни.*
- *Дозволи мислите слободно да течат.*
- *Комбинирај, дополнувај, подобрувај, развивај туѓи идеи.*
- *Колку повеќе идеи, толку подобро.*
- *Не критикувај, не оценувај.*

*Критичкиот осврт на добиените идеи следи подоцна, а се состои од селекција според некој критериум (прифатливи - неприфатливи, остварливи - неостварливи, обични - необични).“*



## Вклучување на родителите

*„На часовите по граѓанско образование многу често ги вклучувам и родителите како извори на знаење, и тоа од најразлични профили: занаетчии, новинари, лекари, волонтери, домаќини. Еве само еден пример: Секој 6-7 март прославуваме ден на татковците, кои заедно со децата прават честитки за мајките.*

*Ефектите од оваа активност се јасни: приближување на родителите кон училиштето, но, исто така, и поттикнување на натпреварувачки дух, развивање чувство за естетика, креативност, дружење и љубов“.*

### Работа на себеподобрување на наставниците

*„Граѓанското образование нè инспирираше да работиме на подобрување на нашето однесување. Затоа, ние најпрво решивме да донесеме неколку правила кои ќе нè променат најнапред нас самите. Сметаме дека така ќе бидеме поподготвени за поучување на учениците на граѓанското образование. Еве неколку од тие правила:*

*- Почитувај го работното време.*
*- Сослушај го соговорникот.*
*- Соработувај со колегите.*
*- Конфликтот сфати го како борба на мислења.*
*- Почитувај го туѓото мислење.*
*- Пофалувај ги успесите.*
*- Не биди „ситничар“.*
*- Зборувај јасно, искрено и коректно.*

*Поставивме и некои пароли во заедничката канцеларија, како инспирации за животот и работата.*

*И навистина, работите ни тргнаа на подобро!“*

Ова се само мал број на личните искуства на наставниците за практикување на демократијата во училиштата, според програмите за граѓанско образование како пат до граѓанското општество.

Од овие и бројни други искуства на наставниците може да се заклучи дека преку програмите на граѓанското образование за прв пат систематизирано се поттикнува, се следи и се развива природното чувство за демократија.

Поголема потврда за расположението на наставниците во однос на граѓанското образование во училиштата добиваме од анализите на емпириското испитување на тема: „Некои согледувања за реализацијата на Наставниот план и програмата од I до IV одделение“. Речиси и да немаше наставник кој не го изрази своето одушевување и желба за работа според содржините на граѓанското образование.

Имено, стратегиите што ги нуди граѓанското образование овозможуваат поинаков начин на почитување на детските права и конечно прифаќање на детето и неговата способност за активно учество во создавање на здрав и осмислен живот.

На крај ги изнесувам исказите и заклучоците на поголем број наставници: „Програмите за граѓанско образование навистина ни понудија порелевантни начини за автентичен развој на одговорноста, храброста и умешноста да се живее. Затоа во иднина би требало истите да продолжат да се развиваат, усовршуваат и да ни помогнат за побрзо и полесно решавање на проблемите на лично, интерперсонално, локално и глобално ниво.“

**Вера Панковска,**
педагошки советник,
БРО, ПЕ Куманово

# ОПШТЕСТВЕНАТА УЛОГА И ГРАЃАНСКАТА МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Оваа студија е резултат на организираното систематско набљудување и анализа на работата на едно основно училиште. Станува збор за тоа како и колку имплементацијата на програмите за граѓанско образование влијае врз зајакнувањето на граѓанското општество.

Опишувајќи како училиштето се вклучува во реализацијата на програмите „Основи на демократијата“ од I до IV одделение и „Ние народот... Проект граѓанин“ во V и VI одделение, ќе го опишам и влијанието кое го одигра граѓанското образование врз градењето на демократските односи во и надвор од училиштето. Притоа, земени се предвид материјално – техничките услови со коишто располага училиштето, квалификационата и стручната оспособеност на воспитно–образовниот кадар, како и местоположбата, односно општественото опкружување во кое работи училиштето.

Тргнувајќи од тоа дека училиштето претставува, или треба да претставува, центар во кој се одвива и остварува целокупниот систем на воспитанието и образованието во заедницата, тоа треба да помогне во градењето и јакнењето на едно демократско граѓанско општетство.

Со завршувањето на проектната фаза на воведувањето на граѓанското образование во основните училишта се наметнаа многу прашања, меѓу кои:

❶ *Какви импликации ќе се јават во општеството со воведување на граѓанското образование во училиштата?*

❷ *Колкави се и какви се придобивките од реализацијата на овие програми?*

❸ *Колку тие можат да дадат свој придонес во јакнењето на граѓанското општество?*

Вниманието на оваа студија е насочено кон одговорите на овие прашања со цел да се согледа граѓанската мисија и општествената улога на училиштето. Ова посебно се актуелизира во последните неколку години кога во училиштата се случија низа промени, почнувајќи од начинот на нивното раководење и управување, па сè до начинот на реализација на наставните програми и остварувањето на воспитно – образовните цели и задачи.

Пишувањето на оваа студија се темели врз материјалите (развојни планирања, извештаи, писма и документи) собрани во

текот на учебните 2002/03 и 2003/04, кога се реализирани низа педагошки увиди, посети на часови, разговори, интервјуа со родителите, учениците, наставниците и сите оние кои на директен или индиректен начин беа вклучени во работата на училиштето.

Основната претпоставка што сакавме да ја докажеме преку спроведеното истражување беше: *„Воведувањето на граѓанското образование во училиштата, неговото успешно имплементирање, во голема мера придонесе за развој на личност формирана врз принципите на толеранција и почитување на правото, исполнување на одговорностите, соработка, свест за активно учество во заедницата и промовирање на еден демократски општествен развој“.*

## Почетните чекори на училишната граѓанска мисија

Првиот чекор на истражувањето беше да се направи избор на училиште кое ќе биде предмет на набљудување.

Изборот се направи врз основа на неколку критериуми, како што се: локацијата на училиштето, неговата поврзаност и комуникацијата со градот и образовните институции, како и структурата на учениците, родителите и наставниците. Избрано е училиште кое спаѓа во редот на средно развиените училишта, сместено во една рурална средина. Наставата во него се одвива во реновиран објект со соодветни услови за работа. Училиштето е изградено за децата на вработените во локалната фабрика во која до пред извесно време голем дел од месното население ја обезбедуваше својата егзистенција. Во последните неколку години со сè поголемиот пад на економијата се јави технолошки вишок на работна сила. Тоа, во голема мера, ја зголеми стапката на невработеност во регионот, па и пошироко, односно се зголемија социо–економските проблеми. Тоа имаше големо влијание и врз работата на училиштето, бидејќи учениците кои доаѓаа од тие семејства се соочуваа со голем број проблеми. Треба да се спомене и дека во рамките на ова училиште, покрај централната училишна зграда, наставата се реализира во уште две подрачни училишни згради во соседните села.

Во училиштето учат 280 ученици распоредени во 14 паралелки. Од нив 134 ученици од V до VIII одделение патуваат, т.е. доаѓаат од селата кои припаѓаат на општината Јегуновце (Јанчиште, Подбреѓе, Прелубиште, Туденце, Сиричино и Раотинце). За остварување и спроведување на воспитно–образовната дејност ангажирани се 18 наставници со соодветна стручна подготвеност и квалификации. Во организацијата на работата во голема мера им помага и еден стручен работник – психолог.

Раководниот орган во последните неколку години е два пати менуван. Директорот кој моментално раководи со училиштето е назначен пред една година. Меѓутоа, тој мошне добро ги познава вработените и проблемите со кои се соочува училиштето, бидејќи цели 30 години работи во него.

Воведувањето на граѓанското образование во ова училиште започна уште од учебната 2000/2001 година. Во почетокот само во I одделение, се реализираше програмата „Основи на демократијата“, преку концептите: Правда, Одговорност, Авторитет и Приватност. Секоја наредна учебна година реализацијата на програмата се проширувааше во наредното одделение, а концептите се продлабочуваа. Успешната реализација на концептите се должи на фактот дека тие се реализираа како низ постоечките наставни програми, така и преку слободните ученички активности. Низ воспоставените контакти, консултации, анализи на тематските планирања и спроведените опсервации, дојдов до сознание дека поголем број одделенски наставници содржините од програмата „Основи на демократијата“ успешно ги реализираат преку интеграција со програмите од мајчин јазик, природа и општество.



Паралелно со оваа програма, во училиштето почна да се реализира и програмата „Ние народот... Проект граѓанин“ со учениците од V одделение, со цел истата да продолжи и во VI одделение. Преку оваа програма учениците се воведуваа во начините, постапките и чекорите кои треба да ги преземаат за изведување на проекти, со што кај нив се развиваат вештини за идентификување на проблемите од непосредната околина, како и изнаоѓање начини за нивно решавање.

Заедничка цел на програмите за граѓанско образование е да им помогне на учениците да согледаат дека во едно демократско општество секој има подеднакви права и одговорности во однос на креирањето на јавната политика.

Пред да се согледаат првите позитивни резултати од воведувањето на граѓанското образование, од почетокот до денес измина долг пат на созревање. Реализацијата на граѓанското образование подразбира примена на специфични интерактивни методи на учење, а искуството говори дека нема лесен премин од традиционалното кон новото. Адаптацијата претставува процес на промени кој, реално гледано, секогаш започнува со тешкотии.

Во почетокот, како и секогаш кога во училиштето треба да се воведе нешто ново, се јави недоверба. Таа се јави како

последица на недоволната информираност и непостоење на претходни пректични искуства од оваа област кај наставниот кадар, па и пошироко. Најчести причини кои ја отежнуваа реализацијата на програмите од граѓанско образование беше и тоа што тие не беа дел од постоечките наставни програми, директорите на училиштата немаа доволно храброст и слобода да воспостават свои сопствени приоритети во рамките на понудените програми, како и недоволната стручна самодоверба кај одделни наставници. Тој ѕид на недоверба постепено почна да се урива и да се надминува по секој одржан семинар – обука за граѓанско образование, со сè почести средби меѓу наставниците, советниците од БРО, родителите, учениците и сите оние кои беа инволвирани во работата на училиштето.



Треба да се нагласи и издавањето и дистрибуирањето на информаторот за граѓанско образование, потоа навременото доставување на работните материјали и учебниците за сите ученици во училиштето, организирањето на училишните и регионалните натпревари за граѓанското образование итн. Важно е да се спомене и големата и несебичната заложба и ентузијазам на стручниот работник од училиштето кој секогаш беше подготвен да помогне во планирањето и имплементацијата на двете програми од граѓанското образование.

## Воведување на интерактивната настава

Реализацијата на програмите се одвиваше преку активните методи на работа, како што се: водење на насочени разговори, дебати, играње улоги, симулации, работа во групи, тандеми и многу други, коишто се дел од интерактивната настава.

Индикатор за застапеноста на активните методи на работа претставуваат резултатите од анкетата спроведена меѓу наставниците. На прашањето: Кои методи на работа ги применувате при реализацијата на содржините од граѓанското образование?, сите анкетирани наставници во своите одговори имаа наведено најмалку два од активните методи на работа и учење.

Тоа значи дека во својата работа наставниците сè почесто ги применуваа овие интерактивни приоди, кои го поттикнуваа активното учество на секој ученик во наставата. Тие изведуваа социодрами во кои играњето улоги соодветствуваше со улогите во реалниот живот, правеа макети, сликаа, водеа дискусии, дебатираа, собираа информации и изработуваа свои проекти за најразлични проблеми. На тој начин учениците станаа

активни учесници во процесот на образованието, станаа рамноправни партнери во градењето на воспитно – образовната политика во училиштето, и пошироко во градењето на една демократска заедница.

Така се формираат личности подготвени да се соочат со предизвиците на новото време – личности кои знаат за правда, успешно ги надминуваат конфликтите, почитуваат авторитети и приватност (своја и на другите) и покажуваат одговорност во работата и животот. Во тој поглед би ја истакнала изјавата на еден одделенски наставник:

*„Учениците постојано ме прашуваа - Кога ќе имаме час по основи на демократијата? На тие часови тие се однесуваа поинаку. Чувствував дека беа некако послободни, прашуваа, но истовремено и ги кажуваа своите размислувања за одредени проблеми. Тој начин на работа ми помогна да ги откријам нивните вистински способности и потенцијални можности.“*

Овој исказ во голема мера ја поддржува тезата дека:

**Доколку на учениците им создадеме поволна училишна клима и им ослободиме простор каде тие ќе можат слободно да ги искажуваат своите гледишта, дотолку е поголема веројатноста да формираат свои ставови кои во иднина ќе придонесат за нивно активно граѓанско учество.**

## Вклучувањето на родителите

Успешната реализација на граѓанското образование подразбира и активно вклучување на родителите и другите субјекти од непосредната општествена средина. Порано соработката на родителите со ова училиште се одвивала инцидентно. Со воведувањето на граѓанското образование таа соработка започна, пред сè, да се планира, актуелизира и, во последно време, сè повеќе да се интензивира и тоа почнувајќи од работата на Советот на родителите, од чии редови се делегираат членови за Училишниот одбор, па сè до родителските состаноци и индивидуалните родителски средби. Подобрената партнерска соработка која започна да ја гради и да ја воспоставува училиштето заедно со родителите се гледаше во сè поголемото учество и вклучување на родителите во планирањето и реализацијата на воспитно – образовната работа.

Преку организирање на отворени денови на училиштето, денови на демократијата, низ работилници, дебати и дискусии, родителите и луѓето од поширока заедница стануваа рамноправни учесници заедно со наставниците и учениците, каде на дело можеше да се согледа еден однос заснован на начелата на рамноправност која почна да се негува и гради во училиштето.

Успешен пример за тоа е иницијативата која произлезе од страна на учениците, поддржана од училишниот раководен тим, тимот на наставниците и Советот на родителите. Имено, станува збор за идејата за формирање кабинет по информатика опремен со компјутери, каде учениците би можеле полесно да ги усвојуваат содржините од предметот информатика. Родителите во соработка со Здружението на жени од регионот им помогнаа на учениците во спроведување на нивната иницијатива. Еве што изјави еден од родителите:

*„Бев скептичен во однос на реализацијата на пројавената иницијатива, особено во годините на криза кои го погодија нашиот крај. Бев пријатно изненаден од заложбите и упорноста пројавени од двете страни кои на заемно задоволство вродија со плод.“*

Во тој контекст е и изјавата на училишниот психолог:

*„Без лажна скромност можам да кажам дека со заедничка енергија и залагање за многу краток временски период постигнавме многу. Прво, воспоставивме партнерски однос и соработка со родителите, а преку нив и со локалната самоуправа. Заедно одржавме бројни средби и состаноци и успеавме да го опремиме кабинетот по информатика.“*



Опремувањето на кабинетот отвори нови можности за соработка на училиштето со локалната средина. Имено, во новоопремениот кабинет, покрај учениците, почнаа да се обучуваат и наставниците и сите оние кои пројавија интерес за образование од областа на информатиката.

Ова беше добар показател дека граѓанската свест се развива во вистинската насока, поттикнувајќи заедништво и заемна соработка. Кај населението од овој крај, од ден на ден, сè повеќе јакне свеста и убеденоста дека тие, граѓаните, се активни чинители во обезбедувањето на квалитетно образование за младата популација, а нивното ангажирање продолжува да се зголемува.

## Поставени се здрави темели

Историски гледано, училиштето отсекогаш претставувало центар за едукација на идните граѓани во едно општество. Во периодот на транзиција тоа како да ја изгуби оваа улога. Се изгуби довербата која населението ја имаше во институцијата училиште. Со воведување на граѓанското образование во нашиот воспитно – образовен систем нештата почнаа да се менуваат. Една од целите на граѓанското образование е на училиштето да му ја врати општествената улога која ја имаше. Тоа истовремено значеше дека училиштето треба сè повеќе да се сврти кон барањата на општественото живеење, да ги задоволува потребите на граѓаните и да формира личности подготвени за живот во заедницата. Со процесите на децентрализација се

наметнуваат нови односи меѓу училиштето и општината коишто налагаат многу поголема соработка заради обезбедување на што подобро образование.

**Придобивките од ваквата соработка меѓу училиштето и пошироката општествена средина најмногу се одразија врз развојот на граѓанската свест кај учениците, формирањето позитивни ставови и однесување кое открива зголемување на респектот кон средината во која живеат и работат.**

Градењето на едно демократско општество е долготраен и континуиран процес. Улогата на училиштето е еден од битните фактори и двигатели на тој процес. Затоа следејќи ја работата на повеќе училишта, како советник во БРО, со право можам да кажам дека во нив постои позитивна клима за натамошна реализација и развој на програмите за граѓанско образование, кои во себе содржат низа аспекти од општествена, морална и етичка природа. Гледано дологорочно, преку овие програми училиштето ги оспособува младите за живот и работа во едно демократско општество.



**Олгица Наумоска,**
советник за одделенска настава,
БРО, ПЕ Тетово

# ОРГАНИЗИРАНА АКТИВНОСТ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД IV ОДДЕЛЕНИЕ ОД ОУ „СТРАШО ПИНЏУР“ ВО СЕЛО КАРБИНЦИ ЗА РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМ ПО ПАТ НА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Во оваа студија се обидов да го презентирам моето практично искуство со учениците од IV одделение во ОУ „Страшо Пинџур“ – с. Карбинци – Штипско.

Содржина на оваа студија е организираната и реализираната активност со учениците од IV одделение за решавање на проблем со техниката – студија на случај. Многу важно е што начинот на кој работевме овозможи учениците да го истражуваат решението на проблемот преку симулирана ситуација, но на вистински проблем, односно проблем кој е присутен во училиштето.

Ви го презентираме нашиот начин на работа и веруваме дека ќе се обидете да го проверите и во вашата практика со учениците.

| | |
|---|---|
| **Проблем:** | Општествената исхрана подготвена во нехигиенски услови ги загрозува здравјето и благосостојбата на децата. |
| **Цел:** | Учениците да развијат одговорност и обврска за активно учество во процесот на донесување одлуки кои се однесуваат на благосостојбата на сите луѓе. |
| **Опис на случајот:** | Учениците од одделенската настава во производите што ги добиваат за исхрана во училиштето забележуваат дека тие не ги исполнуваат основните хигиенски услови според стандардите за здрава храна. Затоа бараат помош за откривање на причината за појава на проблемот и начинот како да се реши. |
| **Претпоставки:** | Учениците од IV одделение запознаени со програмата за основите на демократијата и концептите на граѓанското образование одговорно ќе ги извршат обврските од студијата на случајот.<br>Ќе применуваат соодветен начин на поставување прашања, но ќе имаат проблем во дефинирање на одлуките.<br>Ќе покажат познавање на организираноста на воспитно – образовниот кадар во училиштето, органите на управување, како и организираноста на родителите. |
| **Форми на работа:** | Фронтална, работа во групи, индивидуална. |

**Техники на работа:** Студија на случај
Анализа на текст
Симулација

**Време на реализација:** 5 минути упатство за работа и читање на текстот:
Студија на случај: учениците, родителите, наставниците, инспекторите, претпријатијата во реализацијата на идејата на учениците за промена на дистрибутерот на храна.

15 минути секоја група ученици индивидуално го подготвува сценариото според упатството во работниот налог и ги вежбаат своите улоги.

40 минути учество во симулација и следење на симулациите на другите групи.

10 минути вреднување на симулацијата.

**Постапка:** Во зависност од бројот на учениците се формираат мали нееднакво бројни групи, кои ќе играат улоги на УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ, РОДИТЕЛИ / СОВЕТИ НА РОДИТЕЛИ /, САНИТАРЕН ИНСПЕКТОР, ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЈАВНОТО / ПРИВАТНОТО / ПРЕТПРИЈАТИЕ – ДИСТРИБУТЕР НА ХРАНА.

Со извлекување БЕЏОВИ со испишани улоги се одредува припадноста кон одредена група.

Во просторијата се определуваат РАБОТНИ МАСИ за состаноци на групите, на чија средина стои испишана улогата. На масата стои и текстот од Студијата на случај и работен лист со упатства за активностите кои треба да се реализираат.

**Варијанта I:** Група ученици во договор со наставникот/членови на драмската секција/ изведуваат драматизација според содржината на Студијата на случај.

**Варијанта II:** Наставникот го чита текстот на Студија на случај пред сите ученици.

За време од 15 минути секоја група /поединец/ се подготвува за симулација на улогата.

Учениците со работниот лист го добиваат редоследот на состаноците или се истакнува на постер на јавно место во одделението.



## РЕДОСЛЕД НА СОСТАНОЦИТЕ

**Прв состанок** 5 минути — **- ГРУПА УЧЕНИЦИ**

**Задача:** Фокусирање на вниманието на вистинскиот проблем со исхраната.
Вклучување на родителите.
На наредните состаноци учествува претседателот и еден член на Ученичката комисија за соработка.

**Втор состанок** — **- СОВЕТ НА РОДИТЕЛИТЕ / на ниво на паралелката/**

*Присутни:* **ученици / претседател и член на Ученичката комисија за соработка**

**Задача:** Запознавање на санитарниот инспектор и Советот на родителите во училиштето.

**Трет состанок** — Директорот и учениците, претставници од Советот на родителите, наставниците и санитарен инспектор. Сите разговараат за проблемот.

**Четврти состанок** — **- УЧИЛИШТЕН ОДБОР, ученици, претставници од Советот на родителите, директорот**
Директорот треба да ја преземе обврската за контакт со дистрибутерот, а Училишниот одбор да донесе одлука за раскинување на договорот со дистрибутерот на храната.



**Петти состанок** — На учениците / претседателот на Ученичката комисија за соработка /, директорот и претставниците од Советот на родителите и претставниците од претпријатието ДИСТРИБУТЕР.

**Задача:** Раскинување на договорот.

*СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ:*

**ИМАМЕ ПРАВО НА ЗДРАВА ИСХРАНА**

**Цел:**

Учениците, наставниците, родителите и другите граѓани да се вклучат во разрешување на проблемот со општествената исхрана на учениците во училиштето.

Учениците од одделенската настава заради поголема безбедност и навремено добивање на оброкот во согласност со Советот на родителите на ниво на паралелките, прифатија учениците на големиот одмор да добиваат печива од приватното претпријатие „X", одбрано по пат на тендер.

За време на консумирање на храната учениците забележуваа во кифлите и другите печива бубачки, сламки, зрна грав, цели зрна пченица... Многу ученици го занемаруваа тоа, гадливите ги фрлаа печивата во корпата за отпадоци, а похрабрите понекогаш ќе ѝ кажеа на учителката. Но, сè завршуваше на констатациите на наставниците: „Тоа не е ништо опасно, отстрани го и јади..." или: „Ќе го известиме дистрибутерот".

Но, проблемот стигна и до ушите на родителите. Кога нивните деца по враќање од училиштето се жалеа дека се гладни поради тоа што морале да ја фрлат кифлата или друго печиво, затоа што биле филувани со сламки и бубачки, тие побараа итно свикување на родителско – учителска средба. Се загрижија за здравјето на своите деца.

Учесниците – поединци се приклучуваат кон другите групи. Поделени во пет групи учениците прават евалвација, свое видување за реализацијата на работилницата во која на постер се запишани член 12 /Мислење на детето/ и член 14 /Здравствената заштита на децата/ од Конвенцијата за правата на детето /УНИЦЕФ/.

**ПРАШАЊА**

Група 1 – ШТО СЕ СЛУЧИ? (Опишете или илустрирајте)

Група 2 – ШТО СЕ СЛУЧИ, А НЕ ТРЕБАШЕ ДА СЕ СЛУЧИ?

Група 3 – ШТО НЕ СЕ СЛУЧИ, А ОЧЕКУВАВМЕ ДА СЕ СЛУЧИ? (Илустрирајте)

Група 4 – КОЛКУ БЕШЕ ЕФИКАСНА ДИНАМИКАТА НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СЛУЧАЈОТ?

Група 5 – ДАЛИ Е ПОДОБРО СЛУЧАЈОТ ДА СЕ ПРЕМОЛЧИ ИЛИ СО НЕГО ТРЕБА ДА СЕ ЗАПОЗНАЕ ЈАВНОСТА? КАКО?

Активноста придонесе учениците да разберат дека ние, идните граѓани, можеме преку соработката со возрасните да ја направиме заедницата подобра.

**Член 12:** *„Детето треба да има слобода на свое мислење за сите нешта што го засегаат и на неговото мислење треба да му се укаже должно внимание.“*
*Идејата во основа е дека детето треба да биде слушнато и неговите идеи да бидат сериозно сфатени.*

**Член 14:** *„Државите членки му го признаваат на детето правото на највисоко ниво на здравствена заштита.“*

**Утврдување на претпоставките**

Во врска со првата претпоставка учениците мотивирани од постапката се концентрираа на улогите и брзо и ефикасно реагираа. Го почитуваа времето.

Учениците се оспособени логично да размислуваат, што се покажа преку прашањата со високо ниво на барање алтернативни решенија на проблемот.

Втората претпоставка се потврди, бидејќи учениците имаа потреба од помош при дефинирањето на одлуките. Ги знаеја обврските и правата на органите на управување и организацијата на родителите, со што и третата претпоставка се потврди.

**Задача:** /за сите/ МОЖЕТЕ ЛИ ДА ИДЕНТИФИКУВАТЕ ДРУГ ПРОБЛЕМ ОД ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС?

Претставници на групите го излагаат мислењето на групата. Останатите имаат право да дадат свој коментар по видувањето за одредено прашање на другите групи.

**Нада Богданова,**
наставник во ОУ „Страшо Пинџур“ – Карбинци
**Златка Глаева,** наставник во пензија



# УСПЕШНО ИМПЛЕМЕНТИРАН ПЛАН ЗА АКЦИЈА ОД ПОРТФОЛИОТО ПО ПРОГРАМАТА "НИЕ НАРОДОТ... ПРОЕКТ ГРАЃАНИН"

Оваа студија претставува анализа на успешно реализиран план за акција на учениците во една паралелка од едно основно училиште во Тетово, а во контекст на реализацијата на проектот „Ние народот... Проект граѓанин".

Во студијата се опишуваат сите активности на одделенскиот раководител, кој претходно со успех го има проследено тридневниот семинар за обука на одделенските раководители за реализација на проектот. Опишани се сите активности на учениците во сите фази од реализацијата на проектот и тоа од почетокот па сè до презентацијата на портфолиото на регионално ниво во Тетово, во мај 2002 година. Во студијата се опишани и конкретните резултати.

Програмата „Ние народот... Проект граѓанин" како компонента на граѓанското образование во основното образование донесе една новина како во поглед на пристапот и разбирањето на граѓанското образование, така и во поглед на придонесот за воведување на нов дух во нашето образование.

Уште од првите семинари за обука на обучувачите, а потоа и на семинарите за обука на одделенските наставници за работа со проектот, се доби впечатокот дека оваа работа ќе има рефлексија во создавањето на една поразлична клима во училиштата и во основното образование во целина.

Студијата се заснова на моето сопствено искуство стекнато во досегашната работа, како и на информациите кои ги имам од училиштето и од одделенскиот раководител.

Линдита е дете со прележана церебрална парализа, таа е неподвижна, но со прилично добро ментално здравје. Потекнува од сиромашно семејство и живее со својата мајка во една мала куќа во близина на училиштето. Куќата има една соба, а во приземјето уште една просторија која служи како бања, но без неопходната опрема.

Во учебната 2001/02 година таа по завршувањето на IV одделение продолжи како ученичка во V одделение, а нејзин одделенски раководител стана наставникот по математика Сетки. Со почетокот на учебната година, наставникот ги запозна своите ученици со проектот „Ние народот... Проект граѓанин" и отпочна со реализација на истиот. Уште при самата обука тој покажа посебно интересирање за потребата од квалитетна имплементација на граѓанското образование и беше еден од најактивните наставници на семинарот.

При одредување на проблемот, учениците од V⁴ одделение едногласно се определија за проблемот кој го формулираа како „Нашата грижа за хендикепираните лица“. Севкупниот натамошен тек на настаните се одвиваше според чекорите на проектот, кои паралелката ги реализираше преку следните активности:

- Учениците се поделија во помали работни групи и почнаа со прибирање податоци, со посета на соодветни институции, кои на директен начин се поврзани со грижата за овие лица.




- Една група контактираше со училишниот лекар во Медицинскиот центар во Тетово, кој на учениците им објасни дека болеста е неизлечива, но треба да се работи на тоа средината да почне полека да се приспособува за да ѝ овозможи на Линдита да го живее својот живот во дадените услови.
- Една група ученици закажа и реализираше посета кај тогашниот министер за труд и социјална политика. Децата беа срдечно примени и изразена им е целосна поддршка за проблемот и потребата да се помогне на нивната соученичка. Исто така, реализирана беше посета и кај тогашниот директор на Центарот за социјални работи во Тетово, така што преку Министерството, а како резултат на реализираните посети, на Линдита ѝ се обезбеди социјална помош во висина од 2 600 денари.




- Преку хуманитарното здружение „Хендикеп“ во Тетово, учениците успеаја да обезбедат специјална количка и специјална литература за болеста и односите и обврските на членовите на семејствата кои имаат член зависен од инвалидска количка.
- Посебен проблем во училиштето беше несоодветниот пристап кон училишната зграда. Тоа беше актуелизирано на Советот на родителите, кој како посебен орган набргу презеде иницијатива и помогна во изградбата на соодветен пристап по скалите за влез во училиштето.

- Една група ученици го посети и градоначалникот на Тетово кој, импресиониран од работата и залагањето на учениците да им се помогне на овие лица, даде предлог за изградба на посебна патека за влез во зградата на Собранието на општината. Предлогот се усвои и патеката се изгради на задоволство на хендикепираните лица.

Активностите на учениците и на одделенскиот раководител не завршуваат овде. Грижата за Линдита се потврдува и со организирање на собирна акција за помош на семејството, при што помагаат сите деца во училиштето, без разлика на националната припадност, бидејќи тоа е со мешан национален состав (припадници на македонската, албанската, турската и српската заедница).

Посебен настан беше презентацијата на портфолиото пред родителите, наставниците и учениците во просториите на училиштето. На презентацијата имаше и солзи од родителите кои изразуваа болка, но и гордост за упорноста на учениците.

На регионалните натпревари кои се организираа во просториите на ОУ „Лирија“ во Тетово во конкуренција на три училишта од Тетово и од Гостивар, иако презентацијата беше успешна, а портфолиото умешно изработено, документирано и дизајнирано, учениците од V[4] одделение од ОУ „Кирил и Методиј“, поради низа околности, не успеаја да го освојат првото место.

Имаше доста солзи и реагирања од учениците, кои пред тоа беа договорени дека ако ја освојат наградата, дел од тие средства ќе ѝ ги дадат на Линдита и на другите деца кои се погодени од оваа болест и мора својот живот да го поминат во инвалидска количка.

Грижата на учениците за нивната другарка продолжи и понатаму. Тие многу често се организираат за да ја донесат и да ја вратат од училиште, со што ѝ помагаат и на мајката на Линдита.

Во минатата учебна година Линдита со успех го заврши VIII одделение и денес е горда на своите другари и другарки од V[4] одделение и благодарна на проектот „Ние народот... Проект граѓанин“.

Со учениците се гордее и одделенскиот раководител кој една година подоцна, со истите овие ученици, работеше на друг проблем и го освои првото место на општинските натпревари во презентација на портфолијата.

**Џемали Бељули,**
училиштен педагог
во ОУ „Наим Фрашери“ – Тетово

# КАКО РАБОТЕШЕ ТИМОТ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ НА VI² ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОУ "КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ" ВО РАДОВИШ

Развивањето карактеристики на совесен граѓанин е една од целите на граѓанското образование. Во прилог на ова во следнава студија на случај ќе го проследиме искуството и доживувањето на учениците од шесто одделение од Основното училиште „Крсте Петков Мисирков“ во Радовиш, како и искуството на нивните родители и класниот раководител.

## Од изворот желби - река на вредни ученици

**Што беше толку значајно за да се решам да ви го пренесам моето искуство од работата со моите ученици?**

Се посветив целосно на работата со учениците во реализацијата на програмата за граѓанско образование и тоа на проблемот кој го избраа учениците, а му дадовме заедничка формулација и беше дефиниран како: „Непочитувањето на традициите и културните вредности го нагризува меѓуетничкото живеење“. И така од изворот желби и расположби потече река на вредни ученици. Желбата на моите ученици да научат нешто повеќе за граѓанското образование беше голема.

Почнавме добро подготвени да ги следиме чекорите на реализацијата на програмата „Ние народот... Проект граѓанин“. Во комуникацијата со учениците, како и меѓу самите ученици се трудев да се создаде пријатна работна атмосфера. Сугерирав нашата активност да биде насочена кон поставените задачи и цели. Активно го следев индивидуалното и меѓусебното однесување, нивниот креативен пристап на проблемот во проектните активности. Со демократски постапки при донесувањето одлуки кои се однесуваат на проблемот, учениците самоиницијативно и релаксирано се приближуваа и сè подлабоко навлегуваа во концептите на содржините на граѓанското образование.

Првите активности кои започнаа на одделенскиот час ја збогатија неговата содржина, теоријата се преточи во активност, а активноста во програмска реализација. Се осмисли нашето слободно време кое стана динамично. Баналното секојдневие доби содржина преку задолженијата, обврските и одговорноста кон содржините на целта. Деновите на искрено и креативно дружење ни овозможија во нас да ги откривме нашите креативни особини и творечки капацитети кои понатаму ќе ни помогнат во комуникацијата и реализацијата на воспитно – образовниот процес.

Во тоа време искрено и интимно почувствував радост што сум вклучена во организирањето на граѓанското образование во моето училиште.

Нема да ја заборавам искрената забелешка на ученичката Пацка Тасева на мојата грешка при распоредот на задачите: „Наставничке, и јас сакам да добијам задача!“

Сфатив дека кај оваа ученичка веќе е развиено критичното мислење и чувството на сигурност. Ова беше моја случајна грешка, мое концепциско отстапување од содржините на граѓанското образование со која ја повредив мојата ученичка. Се потрудив да се коригирам, ако тоа веќе беше возможно, и ја вклучив во проектните активности.

**Павлина Кошевац,**
одделенски раководител на VI² одд.

# УЧЕНИЦИТЕ

## Како се определивме за проблемот што ќе го проучува нашата паралелка?

Иако во Радовиш има спортско – рекреативни терени, во попладневните часови во дворот на училиштето „Никола Карев“ спортуваат младинци од македонска и од турска националност. Честопати меѓу нив имаше караници и подбутнувања, дури и физички пресметки околу теренот и терминот за играње фудбал.

Додека на одделенскиот час ние размислувавме и дававме предлози за проблемот кој ќе го проучуваме, од отворените прозорци слушавме караница меѓу младинците од македонската и од турската националност. Се расправаа за теренот. И двете групи сакаа да играат фудбал.

На одморот стоевме до прозорецот, веќе како спортски навивачи, и гледавме како двете екипи се натпреваруваат. Конфликтот околу теренот и терминот за игра го решија преку натпреварот. Часот започна и ние се повлековме, а на другиот одмор тие веќе играа во две екипи со мешан состав.

**Надица Стефанова**, VI² одд.



## Павле ме покани на гости

Додека ги оствaруваме нашите проектни активности, Павле ме покани на гости. Во паралелката јас сум единствениот ученик Турчин и со моите соученици учам од прво одделение.

Во училиштето другарувам со сите, а со Павле седиме во иста клупа. По часовите, освен на организирани екскурзии, прослави и други училишни активности, ние не се дружиме.

Јас живеам во Шаин маало на крајот од градот, и само во тој дел од градот Турците живеат, така да речам, во „затворен круг“, а во другите делови домовите не се изолирани, се негува меѓуетничкото живеење.

Бев изненаден кога Павле ме покани кај нив дома да гледаме фудбал. По завршувањето на преносот, поигравме две – три партии шах, вечеравме и јас си заминав. Додека Павле ме испраќаше, јас му ја кажав мојата намера – дека некој ден и јас ќе го поканам на гости.

Тоа многу ми значеше. Мојот другар и јас посакавме да бидеме блиски и надвор од училиштето.

Додека се враќав, се прашував дали јас и Павле само реализираме дел од содржините на граѓанското образование и дали доволно се стекнавме со граѓански вредности кои ќе ги негуваме, проширувaме и надградуваме и со другите другари.

Останав во дилема: Дали ова беше вистинска потреба за дружење или само наш експеримент во спроведувањето на концептите од граѓанското образование? Одговорот ќе следи со времето.

**Ќерим Шаин**, VI² одд.

## Кон изворот на она по што се разликуваме

### „Шалварите повеќе не ми се чудни и смешни“

Како мали, но вистински истражувачи, на проблемот му пријдовме со душа, го пронајдовме, дојдовме до неговите извори во кои длабоко се загледавме и се напивме од неговата бистра, непоматена вода.

Се вративме во далечното минато преку литературата што ја пронајдовме.

Ја посетивме етнолошко – музејската збирка којашто е традиција во презентирањето на материјалното изворно творештво.

Бевме гости во неколку семејства во соседното јуручко село Коџалија каде традицијата е сосема зачувана.

Разговаравме, правевме интервјуа, ги користевме сите можни контактни инструменти со личностите кои даваа свој придонес во решавањето на проблемот што го проучувавме, собиравме податоци и од медиумските извори.

Ни ракажуваа нашите баби и дедовци како живееле и како ги почитувале традициите и културните вредности на националностите со кои живеат. Потоа тие со задоволство се навратија на спомените на своите соседи од кои голем дел се отселиле во Турција, но комуникацијата не престанала. Си испраќаат честитки за празници и други важни моменти од животот, се посетуваат и го оживуваат заедничкиот живот, ни го пренесуваат како народно искуство и нè воспитуваат со својата животна мудрост дека градот треба да го негува нашето заедничко живеење, зошто само така нашиот живот ќе биде спокоен и мирен, побогат со уште една традиција и култура која треба да ја познаваме, почитуваме и да учествуваме во нејзиното негување.

Не случајно народната мудрост вели: „Руба краси, руба гнаси“, но и „Убавиот коњ и под лошиот самар се познава“. Сега, кога некој би ми рекол дека треба убаво да се облечам, ќе се запрашам дали да го облечам моето ново фустанче или фармерките. Муслиманското девојче знам дека ќе ги облече своите цветни шалвари и срмено елече. Муслиманските жени кои живеат во градот сè помалку ги носат шалварите во секојдневието, но турска свадба без разнобојни шалвари и чочек не може да се замисли. На нивните празници, свечености, на најубавите фотографии секогаш се облечени во својата национална облека – шалварите.

Шалварите мене ми беа чудни, да не речам карневалски. Се вртев по нив и кришум се потсмевнував, ја потчукнував мојата другарка и таа да види колку се необични. Се прашувавме колку ли метри свила содржат, колку чинат и како се направени.

Кога бевме во јуручкото село Коџалија беше недела и имаше свадба. Невестата во розови шалвари и со низа лири околу вратот беше преубава. Кога влеговме внатре, меѓу другото, нè послужија и со баклава. Служеше убава девојка во свилени шалвари и веќе ми беше блиска, убава, свечена, не можев повеќе да ја замислам облечена во друга облека.



➲

Затоа јас доброволно се јавив да ги сошијам за нашето портфолио. Иако ми помагаше мојата тетка, бев среќна што и јас учествував во креирањето. Сошивме три: сини, црвени и зелени, а ги закачивме црвените зашто тие ни се вклопуваа во колоритот на првото пано. Од едната страна ставивме една македонска народна носија, а од другата страна шалвари со елече, како симбол на нашето заедничко живеење.

Сфатив дека голем е само оној човек кој го почитува животот на другите, едновремено со својот.

Меѓу многуте нешта во нашата истражувачка активност за проблемот што го проучуваше нашата паралелка, научив и една мудрост од Коранот:

„Судбината е како жена во превез, малку покажува, а многу крие“.

Затоа ќе речам: „Шалварите повеќе не ми се смешни“. На пазарот кога ќе се разминувам со муслиманки облечени во нив, нема да се свртувам, зошто тие се национална облека на муслиманската жена, на луѓето со кои го градиме граѓанскот начин на живеење и заедно му припаѓаме во нашиот личен, професионален, економски и културен живот.

Додека ги извршувавме задачите за изработка на портфолиото, сè повеќе ги откривав и ми стануваа блиски традициите и културните вредности на луѓето со кои живееме и сфатив дека треба заемно да го почитуваме она по што се разликуваме.

**Ружица Даова,** VI² одд.

## Портфолиото во мојот албум

Презентирањето на училишните портфолија, меѓу кои беше и нашето, го следеа многу гости, претставници од институциите и родители. Исто така, го следеше и локалната ТВ „Кобра“, која им овозможи на граѓаните да се запознаат со дел од активностите кои се реализираа во нашето училиште од областа на граѓанското образование.

Мојот придонес во финалниот дел на обликувањето беше естетскиот. Со окото на уметник ја следев изработката на портфолиото и ги коригирав забелешките од поставените собрани информации, илустрации, концепти и други детали.

Можеби е нескромно ако кажам дека сликата од кошничката со велигденските јајца и некои други творби се моја изработка, на што сум многу горд.

Нашето портфолио сите го почувствувавме како дел од себе, зошто секој сакаше на него да запише или да нацрта нешто.

За нас тоа не е само поставување на проблем и размислување за можните решенија на проблемот, туку и учество во јавната политика.

Нашето портфолио, во кое се гледа нашиот труд, нашите залагања и нашите резултати, го овековечивме со фотографија и тоа стана дел од нашиот личен албум.

**Борче Јанев,** VI² одд.

## Благодарам чичко Драгане!

За решавање на проблемот што го проучуваше нашата паралелка се определивме за политиката „Културно – јавни настапи и натпревари“. Во реализацијата на дел од нашата политика, голема заслуга има Драган Ѓоргиев – уметнички директор на КУД „Бучим“ Радовиш, кој од 28 до 30 мај 2004 ја организира меѓународната културно – уметничка манифестација „ОРО ВЕСЕЛО“, во која зедоа учество сите културно–уметнички друштва од општината, а гостуваа и културно–уметнички друштва од повеќе земји.

Ние бевме дел од таа манифестација, која навистина беше многу весела. Имавме три настапи: во спортската сала, во Домот на културата, а најубав и најуспешен беше настапот во центарот на градот.

Манифестацијата ја следеа граѓаните, а народните носии, како белег на традицијата, мислам дека никогаш не биле поубави и поразиграни.

Облечени во разни носии, но со иста насмевка и со желба најуспешно да ги презентираме своите културни вредности и традиции.

Се реализираше дел од политиката на нашата паралелка.

И затоа од срце велиме: „Благодариме чичко Драгане, благодариме што ни помогна да сфатиме дека сме ја избрале вистинската политика“.

**Мирјанка Грумбарова,** VI² одд.
**Александра Трајкова,** VI² одд.



## Ние на Бајрам кај вас, вие на Велигден и Божик кај нас

Најважно беше што научивме дека „нема решени проблеми, има само помалку или повеќе решени проблеми“. Иако знаеме дека се потребни години за да се видат вистинските резултати, сепак ние ќе дадеме свој придонес, ќе се вклучиме во решавањето на овој проблем, ќе се радуваме на постигнатите резултати и проблеми во однесувањето, ќе се залагаме за хармонизација на вкупните, па и на меѓуетничките односи.

Научивме каде човекот најмногу го боли кога ќе го повредиш, и затоа ќе ги збогатиме вистинските цели на нашето граѓанско образование на кои им пријдовме одговорно и креативно.

**Верче Ангелова,** VI² одд.

## Изработка на портфолио

### „Непочитувањето на традициите и културните вредности го нагризува меѓуетничкото живеење“

Во процесот на прибирање и обработка на податоците потребни за проектот сфатив дека на проблемите треба да им се приоѓа на сосема поинаков начин од досегашните, сите за мене познати, и прибирањето на информациите доведе до зголемен степен на комуникации, одговорности, потреба од ефикасно организирање на слободното време.

Во извршувањето на моите задачи во тимската работа открив дека сум доволно зрела да го проценам моето сфаќање за конфликтот и да допрам до неговите извори со индивидуални и групни приоди во разрешувањето, притоа да заземам и сопствен став во начините на решавање.

Научив и разновидни вештини за соработка и комуникација при решавање на проблемот. Се соочив со повеќе стилови на комуникација која ја разграничив од разговорот.

Бидејќи просторот толку дозволува, поголемиот дел од нашите содржини на портфолиото симболично се претставени: црквата и џамијата, кошничката со црвени јајца и послужавникот со баклава – ги претставуваат верските симболи.



**Подадените раце - заедничката желба за меѓуетничко живеење.**

**Виножитото - најголем мост на светот, здравецот - симбол на здравјето, а надежите последни умираат.**

Симболот секогаш повеќе кажува од содржината, тој е посилен од зборот и затоа во нашето портфолио има толку многу симболи.

Топло им препорачувам на моите врсници активно да се вклучуваат во вакви и слични активности, сè со цел да станеме корисни граѓани на ова наше современо општество, кое бара нови луѓе со нови идеи и погледи на светот, а целта е да создадеме еден сосема поинаков и поубав свет каде проблемите, слабостите и догмите од минатото нема да го срушат овој наш напор. Исто така, сакам да ја истакнам поддршката на моите родители, кои дел од своето слободно време го посветија на оваа моја „мисија“ и ми ветија дека и во иднина ќе ми излезат во пресрет при слични мои вакви активности.

**Анита Станкова**, VI[2] одд.

СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

## Децата се само деца, возрасните треба да им помогнат во трасирањето на патот кон иднината

Меѓуетничкото разбирање меѓу децата е многу поедноставно, зошто децата се само деца. Тоа го чувствуваме и во нашето училиште каде што има паралелки од прво до осмо одделение во кои учат ученици од македонска националност и ученици од турска националност кои учат на нивниот мајчин јазик, но има и ученици кои по сопствен избор учат во паралелките со македонски ученици.

Исто така, имаме и 12 колеги од турската националност кои предаваат во паралелките на турски наставен јазик и во паралелките на македонски јазик во централното градско училиште и во двете подрачни училишта во село Коџалија и во село Калаузлија.

Во наставничката канцеларија на Велигден се присутни македонските верски симболи, а на Бајрам муслиманските.

Кога го прославуваме патрониот празник или кога одбележуваме светли датуми од нашето живеење во културно – јавните настапи и натпревари, учествуваат ученици и од македонската и од турската националност.

Заедништвото најсилно се чувствува на завршните свечености на крајот на учебната година кога учениците преку песни и ора, како и преку уметнички и спортски настани, најискрено се зближуваат и радуваат.

Кога учениците од турската националност слушнаа за проблемот што ќе го проучува VI$^2$ одделение, љубопитно ја следеа нивната активност. Беа среќни што нивните соученици ги проучуваат традициите и културните вредности и на нивната националност, сакаа колку што можат да дадат свој придонес, ги канеа на гости македонските ученици одблизу да допрат до нивното живеење. Сакаа што повеќе да им се доближат и во нив гледајќи вистински другари, убедливо веруваа дека преку проучувањето на овој проблем, не само во училиштето, туку и во општината, заеднички ќе делуваат за современо меѓуетничко живеење.

Како педагошко – психолошка служба во училиштето ги следевме сите случувања околу креирањето на портфолиото на VI$^2$ одделение и забележавме поголема отвореност за контакти и за соработка меѓу учениците од македонската и турската националност. Заклучуваме дека со актуелноста на проблемот се стекна искрена доверба меѓу учениците и наставниците.

**Гордана Валаиова,** педагог
**Зојка Петрова,** психолог

# РОДИТЕЛИТЕ

## Поставени темели

Да се одгледува потомството е напорна работа, да се воспитува уште понапорна, да се прави тоа потомство вистински граѓанин е нешто што заслужува вистинско признание. Сведоци сме дека состојбите ни ги нишаат судбините и не ни дозволуваат јасно да го следиме вистинскиот правец кон иднината, но во контекст на ова би сакал да го изразам моето воодушевување од промените кои се случуваат во образовниот систем, а особено во делот на граѓанското образование.

Ние граѓаните, големи и мали, богати и сиромашни, треба да знаеме како можеме да си го подобриме нашето утре, нашата иднина. Темелите на таквото знаење, умеење и сакање се посигурни ако почнеме да ги поставуваме од најрана возраст. Зачетоците на граѓанскиот однос кон животот и општеството ги препознавам кај моето дете кое вклучувајќи се во програмите на граѓанското образование станува свесно за својата личност како активен припадник на едно општество и потребата од колективизација при процесот на подготовка на важната улога во животот: корисен граѓанин на заедницата. Ова е процес, а не појава која доаѓа одеднаш според некоја формула или само со притисок на копче, тоа е макотрпна работа во домот, воспитно–образовните установи и средината.

Успехот не е во тоа детето да најде точен или делумно точен одговор на проблемот кој го избира за решавање, туку во фактот дека тоа станува свесно за постоењето на проблемот, оти се согласува да отпочне со неговата обработка, притоа променувајќи се и самото себеси, а и средината во која живее на еден комплексен и за мене воодушевувачки начин. Занемувам пред напорите на моето дете да стане граѓанин. Навечер премален од работата се наведнувам над работната маса на моето дете и ги допирам сите тие исечоци, недовршени ракописи, цртежи, со кои се обидува да ни ги долови своите видувања и размисли, за сето она што му е зададено како задача и искрено солзи ми потекуваат од радост. И верувам дека ако сите ние вака сериозно ја сфатиме нашата улога на граѓани во општеството во кое живееме, ќе имаме подобра иднина.



**Борис Станоев,** родител

## Учеството на родителите

Сите чувствуваме потреба од граѓанско образование затоа што животните односи стануваат сè покомплексни, а ние бараме и сакаме длабоко да проникнеме во сите сфери на основите од правно–нормативните определби и нашата етичка и морална одговорност.

Среќна сум што моето дете во текот на своето образование имаше можност да се запознае со програмите на проектот за граѓанско образование. Минатата година на регионалниот натпревар во Штип го освоија првото место. Радоста беше неизмерна кога од Штип се вратија облечени во маичките од ЦРС со симбол портфолио и со себе ја носеа освоената награда телевизор и видеорикордер.

Тоа беше незаборавен ден за нив, празник за училиштето, гордост и неизмерна среќа за родителите, а медиумите сето тоа го презентираа пред радовишката јавност. Овие деца, кои веќе имаат јасна визија за целите на граѓанското образование, пред нашата општествена заедница претставија современи приоди во разрешувањето на конфликти.

Кога оваа учебна година учениците од $VI^2$ одд. го избраа новиот проблем за проучување, моето дете заедно со останатите беше побогато за едно ново и подлабоко искуство од граѓанското образование. Задачата што ја доби доста сериозно и одговорно ја прифати. Кај неа почувствував големи промени: беше многу поактивна во истражувањето на проблемот. Посебно ми се приближи мене, на нејзините баба и дедо кај кои го побара вистинскиот извор на соживотот во нашата општина. Целата се внесе во разрешувањето на проблемот и не само на овој. Таа веќе знаеше да идентификува проблеми со карактер на јавна политика, да дефинира и да собира податоци.

Љубопитно трагаше, наоѓаше и собираше сè што мислеше дека ќе биде потребно за изработката на портфолиото, како финален дел на нивната истражувачка работа. Со своите соученици, под менторство на нивната одделенска раководителка, три недели до доцна навечер работеа на портфолиото.

Кога се враќаше дома, нејзиниот замор преку насмевка го изразуваше и ми ја презентираше нивната колективна работа во која имало многу дружење, како извор на стекнување на нови навики и идеи, а нивните повремени несогласувања се претворале во креативни конфликти.

Како родител посакувам нашите деца да добиваат што повеќе работни задачи и ангажирања, не само од граѓанското образование, туку и од другите подрачја на воспитно–образовната работа.

**Цветанка Ангелова,** родител

Подготвиле:

**Павлина Кошевац,** наставник, ОУ „К. П. Мисирков“, Радовиш

**Мика Илиева,** советник, БРО, ПЕ Делчево



**ТЕМА:**

# ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# РОДИТЕЛСКО - УЧИЛИШНА СОРАБОТКА

Сè почесто во нашата наставна практика се среќаваат најразлични форми на соработка меѓу родителите и училиштето. Но, тоа не значи дека постои доволно комуникација помеѓу овие значајни субјекти во рамките на воспитно – образовниот процес. Често пати поради недостаток од информации настануваат некои проблеми.

Размислувајќи и анализирајќи ја сопствената работа и работата на моите колеги и заемниот контакт со родителите, а притоа тргнувајќи од одредени потешкотии со кои се среќаваа учениците при обработката на содржините од „Основи на демократијата“, почувствував дека е потребно родителите да се најдат во училницата, да се стават во улога на ученици и да се доближат до содржините, кои за голем дел од родителите се непознати. Сè ова ќе биде појасно ако се знае дека работев во селска средина, во која голем дел од родителите се со низок степен на образование.

За да ја постигнам оваа цел организирав методички работилници под мотото „Да учиме заедно“.

Првата работилница беше изведена со родителите на учениците од I одделение и членовите на Советот на родителите при училиштето, на тема „Одговорност“. Преку диференцирана работа во групи, родителите решаваа проблемски ситуации и многу успешно ги илустрираа.

Втората работилница беше изведена со учениците од II одделение и нивните родители на тема „Авторитет“. Носечката активност се изведуваше преку работа во парови (формирани од ученик и родител) на диференцирани задачи по групи. Учениците избираа водачи, притоа почитувајќи ја постапката за избор на водач. Потоа секој ученик ја илустрираше својата проблемска задача. За цело време ученикот се јавуваше како главен носител на активностите, добивајќи помош од својот родител.

Самото присуство на родителот во училницата помогна во воспоставување на блиска врска со другите родители, наставникот и ученикот, а тоа го олеснува извршувањето на многу други задачи кои стојат пред секој наставник. Исто така имаат можност да го сфатат значењето на нивното вклучување во воспитно – образовниот процес. Сметам дека со ваквиот начин на соработка се надминуваат многу предрасуди кои се јавуваат кај голем дел од родителите, во врска со новините што се воведуваат во нашите училишта и на тој начин се избегнуваат несаканите ситуации. Освен тоа, родителите имаат можност да

се доизградуваат во сферата на демократското однесување и воедно се оспособуваат да им помагаат на своите деца – ученици во учењето.

Дека постои задоволство кај родителите од ваквата соработка покажуваат нивните искази во анкетните листови пополнети по завршувањето на една од методичките работилници:

„Се чувствував задоволно, корисно, возбудено, пријатно...“

„На моето дете му давав морална поддршка за да почувствува дека не е само.“

„Убаво е чувството да работиш и да му помагаш на своето дете во присуство на наставникот.“

„Би сакал да учествувам и во други слични активности.“

Ученици од II одделение на прашањето „Како се чувствуваше додека работеше?“ запишаа:

„...Бев возбуден и среќен бидејќи не бев сам и имав помош. Многу сум задоволен.“

„Јас бев радосна бидејќи работевме и сликавме заедно со родителите.“

Веќе трета година организирам работилници, но сега во градска средина. Особено важно е да нагласам дека во ОУ „Никола Карев“ – Кочани воспоставена е комуникација помеѓу сите субјекти во воспитно – образовната работа. Бројни се активностите и формите на соработка, а особено е активно учеството на членовите на Советот на родителите во: подобрувањето на условите за работа, обезбедувањето на облека, храна, учебен материјал, парични средства за социјално загрозените или болни ученици, организирање екскурзии и сл.

Партнерството на училиштето со родителите е приоритетна цел за развој на нашето училиште.

Сите наставници, учениците и другите вработени, ги прифатија родителите и ги чувствуваат како „свои“, а не како „гости“ кои повремено, кога ќе бидат повикани, ќе го посетат училиштето. Училиштето живее со родителите за проблемите на учениците, заеднички се разговара и се бараат решенија. Родителите ги знаат своите права и одговорности, затоа се рамноправни членови на училишната заедница.

**Ката Синадиновска,**
одделенски наставник
ОУ „Никола Карев“ – Кочани

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ЛИЦА ВО НАСТАВАТА

За да може демократијата да заживее и да се развива, младината треба да научи да формира ставови, да ја разбира важноста на правниот поредок и да се вклу–чи во подобрување на општеството. За да им помог–неме на учениците да ги совладаат знаењата и да стекнат навики и умеења, потребно е воведување на нови програми.



Програмата „Основи на демократијата“ овозможува зго–лемување на способностите на личноста да дејствува со знае–ње, успех и одговорност. Изведувањето на оваа програма не е лесна задача. Ефективните програми за обука на граѓанското образование бараат определени филозофски и методски принципи.

Училиштето претставува своевиден полигон за подготов–ка на идните граѓани на демократско општество. Ние треба да се грижиме за тоа младите пред да ги фрлат своите гласачки ливчиња на првите за нив избори да имаат искуство во изборот на луѓе на овластена положба. За таа цел на самите часови можат да бидат поканети луѓе на овластена положба, како на пример директори, тренери, лекари, парламентарци и др. Тоа ќе им помогне на учениците да ја согледаат поврзаноста на нивното лично искуство со поголемата „арена“ на општестве–ниот и политичкиот живот.

За да може да се изведе час на кој ќе биде поканета не–која личност од јавниот живот, неопходно е да се изврши ква–литетна подготовка не само на наставникот, туку и на гостинот кој ќе биде присутен на часот како активен учесник. Во про–должение ќе ги наведеме етапите на подготовката за реали–зација на еден наставен час на кој учениците треба да изберат лице на овластена положба–тренер на фудбалска екипа.

- Договор, упатства за учеството и придонесот на тренерот за време на часот со детални информации за анализа; оценка на квалификациите, како и придобивките и цен–ите на таа положба; точното време за извршување на за–дачите за време на часот; содржината на лекцијата.
- Подготовка на наставникот во смисла на подготовка на интелектуалните алатки – збир на прашања кои ќе помог–нат во изборот на лицето на овластена положба – тренер на фудбалскиот тим; испишани листови со новите зборо–ви и целите на лекцијата; начинот на формирање на гру–пите; уредување на просторот за работа во групи; изгот–вување на табели и др.

Самиот час треба да започне со претставување на тренерот и неговото кратко обраќање – лични податоци и искуството на тоа работно место. Потоа следува објаснувањето од страна на наставникот дека на часот тие ќе играат улоги, ќе употребуваат интелектуални алатки. Се истакнува целта на часот. Се објаснуваат новите зборови кои ќе ги користат за време на часот.

Се отвора дискусија во која учениците ќе ги развијат своите идеи во врска со прашањата: „Која е овластената положба?“ и „Кои се одговорностите, придобивките и цените на таа положба?“. За време на дискусијата одговорите се бележат од страна на наставникот на голема табела закачена на таблата, а учениците и гостинот ги бележат во своите табели.

Одделението се дели на шест групи, а секоја група има детален опис на својата работа, времето предвидено за таа работа и времето предвидено за презентацијата.

Во следната етапа на часот училницата се претвора во сала за состаноци. Се одржува состанок којшто го води како претседател гостинот–тренерот. На почетокот од состанокот претседателот има воведен говор во кој ја истакнува важноста на тимската работа, спортувањето и спортскиот дух. Исто така, укажува на одговорностите на тренерот и на квалификациите што комитетот ги смета за важни. Се изведува презентација (за да биде застапена праведноста кон сите групи се определува мерач на времето кој ги известува со помош на знакот „1 мин.“ и „Стоп“). По секоја презентација членовите на комитетот поставуваат прашања. По завршувањето на презентациите комитетот се повлекува на кратко за да продискутира за добрите и слабите особини на секој од кандидатите и да донесе праведна одлука. На крајот се објавува одлуката и се објаснува причината за изборот. Се изведува дискусија во која се оценува одлуката на комитетот за избор на тренер на фудбалскиот тим.

Крајната етапа на часот е навраќање на целите што беа поставени на самиот почеток – оценка дали ги постигнале тие цели.

На крајот можеме да заклучиме дека со новите методи на работа, со вклучувањето на возрасните лица при реализирањето на одредени наставни содржини им помагаме на учениците да станат ефикасни и одговорни граѓани. Часовите се поживи, поинтересни со тоа што презентираат искуства од реалниот живот и укажуваат на примената на идеите што ги учат, а со тоа ученикот го проширува и унапредува разбирањето на поимите презентирани во програмата.



**Дина Јанакопулу,**
одделенски наставник
ОУ „Петар Здравковски – Пенко“

# АФИРМАЦИЈА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ ПРЕКУ ПАРТНЕРСКИ ОДНОСИ НА ВЛАДИНИОТ И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ВО ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Преку граѓанското образование се стремиме кон активно и одговорно учество на личноста – поединецот во демократскиот живот, со цел создавање на иновативни партнерства помеѓу разни демократски институции и организации/групи, почитувајќи ги еднаквоста, солидарноста и заемната поврзаност во општеството.

Во прилог на градењето партнерства на невладини организации и институции ќе ги изнесеме искуствата на соработка и заедничко делување и ќе изнесеме факти и аргументи за нивниот придонес во развојот на граѓанското образование, а со тоа и квалитетот на образованието воопшто.

Во конкретниов случај ќе стане збор за искуства од заедничко делување на неколку невладини локални здруженија од регионот на Кочани и Делчево и нивниот придонес во јакнење на некои вредности на граѓанското општество во соработка со училишните установи.



*Во последниве две-три години во нашите училишни установи се реализирани повеќе проекти или проектни активности, во кои целна група се учениците, пред сè, од основните училишта. Невладините организации чии искуства во текстов ќе ги изнесеме се: ХЗГ „Светла иднина“ и ХЗГ „Еднакви за сите“ од Кочани и ХДЗР „Пхурт“ и ХЗГР „Кхам“, од Делчево. Убедени сме дека има и други невладини здруженија кои даваат одреден придонес во градењето на граѓанската свест кај училишната популација.*

Во оваа студија на случај ќе се задржиме на неколку проекти за кои сметаме дека во однос на нивните поставени цели се позначајни и насочени токму на остварувањето на граѓанските вредности, преку развивање на партнерски односи на локално или регионално ниво.

Особено значење во овој случај има реализацијата на програмата „Применето образование на Ромите“, во чии рамки се реализираат неколку проекти како што се „Преку едукација до подобро утре“ и „Применето образование за сите“ и др. Оваа програма започна со реализација во септември 2002 година, а ќе заврши во јуни 2005 година. *Главна цел на овој проект е градење свест за образование кај сите, а особено во конкретниов случај кај ромската популација која се карактеризира со ненавремен и нецелосен опфат во образовните институции, постигнување на слаб успех, прекини во школувањето, голем број на неоправдани изостаноци, незаинтересираност на нивните родители за образованието на децата и слично.*

Целна група се ученици од основното образование во ОУ „Ванчо Прќе“ во Делчево и ОУ „Малина Попиванова“ во Кочани.

*За остварување на поставените цели се предвидени многубројни и разновидни активности за чија реализација се користени методски пристапи карактеристични за реализација на програмите за граѓанско образование*, и тоа: трибини, работилници, дебати, тркалезни маси, вечерни средби, зимски и летни кампови, ликовни колонии, посета на културно–историски споменици, дополнителна настава, работа со родители, како и отворање на етно–катче во училиштата во кои се претставени народните носии на повеќе етнички заедници. Во најголем број од активностите учествуваа децата од македонска и од ромска националност. Во реализацијата на проектните активности, од содржината која треба да се реализира, учествуваа и соработуваа раководниот и воспитно–образовниот кадар во училиштето, кои дадоа свој придонес во подрачјето: македонски јазик, англиски јазик, математика, географија, хемија, биологија, ликовното образование, образование за физичкото и психичкото здравје, семејни односи и развој на меѓучовечките релации. Со реализацијата на овие и слични на нив активности, беше даден придонес во остварувањето, пред сè, на квалитетно образование, со акцент на одредени значајни граѓански вредности во едно демократско општество.

Особено во текот на реализацијата на овој проект значајно место заземаат психолошките работилници кои се одвиваат според однапред утврдени дизајни, во кои преку конкретни задачи акцент се става на личниот ангажман на учениците – учесници во работилницата. Во остварување на потцелите кои се во функција на главната цел, со микродинамика која подразбира минување на ученикот низ неколку фази на активности, кои иако претежно наликуваат на игра, се остваруваат суштествени задачи на проектни активности, *односно преку нив се работи на развивање на ставови, вештини и вредности*. Притоа во фокусот на вниманието е личноста на ученикот, *неговата внатрешна мотивација, потребите, интересите, очекувањата, неговиот внатрешен живот, доживувањето на себеси, емоциите кои го олеснуваат процесот на учење, како и почитувањето на индивидуалните разлики на учениците во секоја смисла, успешна социјализација, пријателство и др.*

Со реализацијата на овој проект, градење на вредности за граѓанско образование, пред сè акцентот се става на почитувањето на следниве методолошки принципи во реализацијата на планираните и реализираните содржини и активности, а тоа се:

*„Со анализа на реализираните работилници, па и други активности, односно евалвација на ефектите (непосредни или одложени), впечатоците и процесот, нашите очекувања во однос на поставените цели не се ниту со безрезервен оптимизам, ниту со чувство на беспомошност, затоа што сме уверени дека вака конципираната работа овозможува напредок, но остварување на зацртаното и оптимален ефект од реализираните активности би имале во услови кога и останатите фактори би дејствувале во иста насока“* ни рече психологот во ОУ „Малина Попиванова“, директно вклучена во креирањето и реализирањето на работилничките проектни активности.

- **Принципот на демократски карактеристики**, а овде, пред сè, идеите за личните права и слободи во граѓанското образование, јакнењето на способностите за конструктивна соработка во општеството и донесување на одлуки, меѓусебно почитување и толеранција, отвореност и соработка на училиштето со други структури одговорни за успешната социјализација на учениците, како што се семејството, некои детски и младински невладини организации и здруженија, медиумите и сл.
- **Принципот на искуствено учење** кој се однесува на развивањето способности и вештини, особено социјалните и интерактивните вештини, способност за анализирање на ситуации од секојдневниот живот, донесување на независни одлуки и однесување според законот, поткрепени со соодветен методски пристап.
- **Принципот на почитување на различноста** кој го опфаќа градењето ставови за почитување на политичките, идеолошките, етничко–националните и расните разлики, избегнување на екстремизам во сфаќањата и однесувањето на учениците, толерантност кон различните сфаќања и сл.

Ваквиот приод развиен низ повеќето форми и техники на работа овозможува кај учениците откривање на корените на предрасудите и осознавање на сопствените стереотипни однесувања и уверување, сфаќање и прифаќање на сопствената индивидуалност, како и индивидуалноста на другите, со почитување на нивната приватност и нивните права, стекнување сознанија и вештини за културна и ненасилна комуникација, како и препознавање на начините на управување и ослободување на емоционалната напнатост и нивната трансформација во позитивна енергија.

Опишаните активности, со помали или поголеми отстапувања, реализирани се во двете училишта партнери на невладините организации кои се носители на овој проект. А разликите се јавуваат, пред сè, од можностите на расположивите човечки и просторни ресурси и нивните креативни способности, желбата да дадат свој придонес, како и одговорноста кон прифатената задача.

*„Што се однесува на постигнатите резултати, општа е констатацијата дека резултатите секако постојат и потребно е поддржување на ваквите иницијативи за партнерско делување на институциите од владиниот и невладиниот сектор“* – изјави директорот на ОУ „Ванчо Прќе“ – Делчево. *„Но, резултатите би биле уште поголеми доколку постои поголема координација на работата помеѓу двата партнери и навремено конкретизирање на програмските активности за текот на годината“.*

Невладините организации – партнери во оваа програма преку своите луѓе координатори ја остваруваат врската на нивната соработничка и партнерска улога и заеднички учествуваат во планирањето, реализацијата и следењето и евалвацијата на постигнатите ефекти. *„Очекуваме да се реализираат поставените цели и задачи, т.е. да се добие геометриска прогресија која во догледно време би резултирала со успех, а со тоа би се постигнале очекуваните резултати, а тоа се интегрирање на ромската младина во образовниот процес, јакнење на свеста кај родителите за потребата од образование, изградени односи на доверба помеѓу училиштето и заедницата и подобрена*

*информираност на јавноста и јавните институции за проблемите на Ромите“* изјави координаторот на програмата на невладиното здружение „КХАМ“ од Делчево.

Во однос на подобрувањето на квалитетот на образованието реализирани се неколку проекти во кои, исто така, се градело партнерство помеѓу невладини здруженија и училиштата и би било во ред овде да се споменат неколку проекти кои имаат влијание или дале придонес за подобрување на квалитетот кај ромската популација на ученици, а тоа се: „Едукативни курсеви за ромски ученици по англиски јазик и информатика за прв и втор степен“ преку „Невладини здруженија за заштита на правата на Ромите“ од Делчево и Кочани.

Во последниов дел на партнерска соработка помеѓу некои основни училишта и невладини хуманитарни здруженија ќе се реализираат проекти поврзани со човековите права.

Сите тие имаат иста филозофија во нивните цели, а тоа е да се влијае на развојот на личноста во стекнувањето со граѓанска култура, при што учениците треба да станат свесни за корелацијата на идеите за човековите права и слободи и граѓанската одговорност.

При реализацијата на овие проекти користени се содржини и активности кои се соодветно одбрани и во функција на целите. Целната група со интерес се вклучува во планираните активности, во нив активно учествува, дава предлози и сугестии по одредени прашања и зазема ставови за кои развива способности за дебатирање, односно здобиените нови знаења и способности наоѓаат и своја практична примена.

*„Придобивките за функционирањето на институциите во државата и нивните ингеренции во процесот на децентрализацијата, побудуваат особено голем интерес кај средношколската младина во делот на организацијата и функцијата на образовните установи и местото и улогата на младите во такви услови“*, ни изјави Анифа Демировска – координатор на проектите, според која ваквата соработка и партнерство треба да продолжат да се развиваат и усовршуваат и во иднина.

Овие проекти овозможуваат навистина ефективно градење на вистински партнерски односи на училишните установи и невладините институции, токму во една вака значајна сфера на заедничко делување во развојот на граѓанското образование.

Многубројни се искуствата кои зборуваат за ефектите од заедничкото делување и градење на партнерски односи помеѓу владини и невладини институции и организации, а особено во нивниот заеднички придонес за градење на вредностите во едно демократско општество преку граѓанското образование.

**Сите новоздобиени сознанија, способности и вештини за активно учество, одговорно однесување, засновани на критичко мислење во рамките на постојните норми, целосно одат во прилог на формирање на профил на личност со граѓански компетенции, што е во функција на целното оствaрување на граѓанското образование во едно демократско општество кон кое ние се стремиме.**

**Мика Илиева,**
советник
БРО, ПЕ Делчево

# СТАНДАРДИ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ - ПАТОКАЗ КОН ПОСТОЈАНО ПОДИГАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ

## Почеток

Една од пресвртниците во развојот на проектот „Граѓанско образование... Пат кон граѓанско општество“ беше среднорочната евалвација на проектот и семинарот за следење и проценување на напредокот[1], кога понагласено се постави прашањето за доказите за квалитетот на работата и нивото на постигањата, како и за индикаторите за натамошно следење на напредокот. Новите сознанија кај учесниците, членовите на тимот и вработените во ЦРС отворија нови видици во врска со натамошните активности во проектот.

Веќе беше воспоставена практика по секоја поголема нова активност, особено ако е водена од странски експерти, да следи активност на тимот на проектот посветена на систематизирање на новостекнатите знаења и погледи, ставање во контекст на достигнатиот развој и на понатамошното планирање на активностите. Проширениот тим на проектот, по евалвацијата и семинарот, во работилницата за определување на приоритетни понатамошни активности за развој на проектот како прв приоритет го постави мерењето на постигањата на учениците во проектот „Граѓанско образование“. Таквата определба се должеше првенствено на следниве причини:

- Во тој момент не се располагаше ни со објективни показатели за постигањата на учениците, ни со инструментариум за мерење на постигањата.
- Во нашата земја во последните години сè помалку им се верува на субјективните мислења и оценки за квалитетот и за постигањата во кој и да е дел од образовниот систем.
- Сè посилни беа залагањата на државно ниво образованието да се базира на стандарди на постигања, а контролата на квалитетот да се врши преку национални оценувања.
- Субјективното чувство на сите вклучени во проектот, како и проценките од евалвацијата беа такви што укажуваа на висок квалитет на работата, така што се проценуваше дека резултатите од објективното екстерно оценување нема да бидат „закана“ за реализаторите и нема да ги обесхрабрат.



[1] Евалвацијата ја вршеше и семинарот го водеше г–дин Стјуарт Алисон од Шкотскиот институт за квалификации.

Сето тоа резултираше со определба на тимот во рамките на проектот „Граѓанско образование... Пат кон граѓанско општество“ да се развие потпроект „Стандарди за граѓанско образование“.

## Прашања што се наметнаа

При определбата што понатаму да се работи во проектот од аспект на мерење и евалвација на постигањата, веднаш на почетокот се постави прашањето: Како најдобро мерењето на постигањата на учениците на крајот од проектната фаза да се стави во функција на идниот развој и одржливост на програмите? Решението беше најдено во тоа да не се прави еднократно мерење на постигањата и прибирање на податоците за факторите што се поврзани со нив, што би се користеле во планирањето на идните обуки и промени на прирачниците, туку потпроектот да биде насочен кон поставување на стандарди за граѓанско образование. Ваквото решение беше мудро од повеќе причини:

- При непостоење на официјална програма за граѓанско образование појасно ќе се дефинираат очекуваните постигања во граѓанското образование.
- Поставените стандарди ќе служат како индикатор за идни мерења, кога и да се случат тие.
- Во државата веќе беше започнато национално оценување во основното образование и изготвување на стандарди базирани на тие резултати, а и користењето на иста методологија за контрола на квалитетот на постигањата во граѓанското образование лесно ќе го поврзе граѓанското образование со другите подрачја во националното оценување.

Како и секогаш дотогаш, тимот за поддршка на граѓанското образование од ЦРС имаше доверба во стручниот тим, го поддржа потпроектот „Стандарди за граѓанско образование“ и успеа добро да го образложи и одбрани пред донаторот – УСАИД, кој одобри средства за негова реализација прво за една, па потоа за уште една година.

Потоа се отворија вистинските стручни прашања и проблеми.

Покрај четиригодишното искуство со проектот во пилот-училиштата и добрата обезбеденост со прирачници, уште на почетокот сериозен проблем претставуваше непостоењето официјална програма за граѓанско образование врз која би се изготвила испитна програма за мерењето. Така изготвувањето на испитната програма беше првиот голем предизвик затоа што

требаше да се определи доменот на граѓанското образование не само врз основа на она што е содржано во прирачниците за програмите „Основи на демократијата“ и „Ние народот – Проект граѓанин“, туку и врз основа на целите од програмите во наставните предмети од наставниот план за одделенска и предметна настава што се однесуваа на граѓанското образование. Покрај тоа во програмата „Основи на демократијата“ основен принцип на организација на содржините се концептите: Одговорност, Правда, Авторитет и Приватност, а во програмите по наставните предмети и програмата „Ние народот – Проект граѓанин“, општествените заедници: семејство, училиште, општина (локална заедница) и држава.

Изготвувањето на прашања и задачи што ќе бидат блиски до реалните животни ситуации на децата во Македонија, а ќе мерат знаења, способности и подготвеност за граѓанско ангажирање беше следниот предизвик. Изготвување на задачи од граѓанско образование што ќе мерат првенствено способности и ќе можат објективно да се оценат и само по себе е деликатна работа, а во Македонија речиси и не постоеја луѓе што имаа искуство во изготвувањето тест–задачи за граѓанско образование или сродно подрачје. Затоа во оваа работа беа вклучени поголем број наставници и советници кои поминаа обука за изготвување на тест–задачи. За повеќето од нив изготвувањето на задачите беше „нова авантура и забава“, но и нова одговорност. Се бараа веќе објавени задачи од граѓанското образование на Интернет, се смислуваа можни животни ситуации и прашања во кои се бара демократско граѓанско однесување. Од изготвените преку 600 задачи во двете мерења беа употребени нешто повеќе од 200, се надеваме најдобри.



## Што сработивме

Во 2003 година, на крајот на учебната година беа мерени постигањата на учениците од четврто одделение во пилот–училиштата и на репрезентативен примерок ученици од шесто одделение. Покрај тоа, за разни прашања во врска со граѓанското образование беа анкетирани учениците, нивните родители, наставниците и директорите. Се добија мноштво податоци, а дел од нив се презентирани во публикацијата: „Граѓанско образование... Пат кон граѓанско општество – Постигања на учениците од пилот–училиштата 2003“. Извештајот е доставен до сите основни училишта, педагошки факултети, советници во БРО и други заинтересирани субјекти. Сознанијата изнесени во него беа основа за расправа на стручна трибина и се користеа од страна на училишните тимови за процена на сопствените постигања во споредба со оние на национално ниво. Немаше стандарди со кои ќе се споредат постигањата, но се чинеше дека со постигањата во пилот–училиштата можеме да бидеме задоволни.

Во 2004 е извршено мерење на постигањата на учениците од четврто одделение на репрезентативен примерок. Врз основа на претходно изготвената и ревидираната испитна програма (врз основа на искуството од мерењето 2003), тест–задачите со добри мерни карактеристики, експертските знаења на наставниците и советниците и сознанијата за постигањата на учениците беа изготвени Стандарди на постигања за граѓанско образование во одделенската настава. Нивното изготвување беше нов предизвик за работната група за стандарди (ја сочинуваа одделенски наставници, советници за одделенска настава, училишни педагози – членови на училишниот тим за граѓанско образование и претставници од советите на родителите). Од една страна, затоа што за прв пат се изготвуваа стандарди за граѓанско образование (а ги нема и за сродните подрачја), а, од друга страна, затоа што постигањата на учениците на ниво на државата беа многу под нивото на очекувањата на групата што ги изготвуваше стандардите. По сериозна дискусија и анализа на целите во испитните програми, знаењата и способностите што беа мерени со тест–задачите, имајќи ги предвид и постигањата во пилот–училиштата измерени во претходната година, како и претпоставените потреби и очекувања на општествената заедница, се прифати определбата стандардите да се постават доста повисоко од актуелното ниво на постигања. Се сметаше дека со стекнување на искуство во реализацијата на програмите за граѓанско образование и новите решенија за наставните програми за граѓанско образование со кои се очекува тоа да биде интегрирано во наставните програми, по извесен период тие ќе можат да се постигнат и дека ќе делуваат мотивирачки на наставниците. Во стандардите се поставени и опишани очекувањата за тоа што во

**Пример на задача**

Еден од пратениците во Собранието на Република Македонија ја пречекорил дозволената брзина на возење. Полицаецот сакал да го казни, но тој му објаснил дека е пратеник и дека брза на многу важна седница.

**Што треба да направи полицаецот?**
*Одговор:* ________________________________

**Зошто мислиш така?**
*Одговор:* ________________________________

***Примери на точни одговори:***

- Иако е пратеник, тој е државјанин на Република Македонија и како сите други луѓе треба да биде казнет за прекршување на правилата.
- Да го казни за преголемата брзина. Пратеникот треба да си ги врши обврските и да не се успива.
- Треба да го почитува законот без разлика кој е и што е. Тоа е моето мислење.

***Примери на неточни одговори:***

- Да види дали е вистина пратеник и зошто толку се брза, затоа што ако тој не е пратеник и можеби не му е регистрирана колата тој ќе си замине и нема да плати казна.
- Да го пушти, затоа што ако го казни пратеникот ќе задоцни и ќе му каже на претседателот и потоа полицаецот ќе го казнат.

### Пример на задача




Потсети се што учеше за правата и одговорностите на децата. Разгледај ја внимателно сликата.

**Каква потреба има детето на сликата?**
*Одговор:* ____________________

**Што мислиш за начинот на кој ја искажува својата потреба?**
*Одговор:* _____________________

областа на граѓанското образование треба да знаат и да можат на крајот од одделенската настава речиси сите ученици (минимум стандард), што најголемиот број ученици (доволен стандард), а што се очекува од мал број најспособни ученици (висок стандард). Така поставените стандарди се публикувани заедно со примери на тест–задачи што покажуваат како ќе биде мерена нивната постигнатост. Тие се доставени до сите училишта и до други заинтересирани субјекти (професори на педагошките факултети, стручњаци од подрачјето на граѓанското образование).

Прегледувајќи ги одговорите на децата наидувавме на исклучително зрели одговори, како и на разни гафови и „бисери“. Сите тие покажуваа како децата мислат кога се во прашање ситуации сврзани со граѓанството. Дел од нив собравме и објавивме во симпатична брошурка со наслов „Основите на демократијата од детска перспектива“ која ќе послужи за промоција на граѓанското образование кај пошироката јавност.

## На што сме горди

За исклучително кус период (помалку од 2 години) извршени се две мерења на постигањата на учениците при што се користени најнови методи за обработка и анализа на податоците (теорија за одговарање на ајтем). Почнавме од минимални знаења за оваа работа, а стигнавме до извештаи и стандарди (тие што знаат колку време поминува од почетокот до крајот на една ваква работа ќе разберат за каков потфат се работи). Горди сме на посветеноста и креативноста на сите вклучени во работата на стандардите.

Горди сме на публикациите што ги издадовме кои според оценките и на странските експерти и на домашните корисници се со висок квалитет.

Создадовме добра основа за идни мерења затоа што знаеме што сакаме децата да постигнат и имаме добра база на тест–задачи за тоа успешно да го правиме.

Горди сме што сме веројатно прва земја во транзиција што има изготвено стандарди на постигања во граѓанското образование базирани на емпириски мерења.

Работејќи на проектот за стандарди во групи со различен состав научивме многу и стекнавме нови пријателства дома и во земјите (Шкотска и Холандија) што ги посетивме со цел да ги зголемиме нашите способности за мерење и оценување.

## Поуки што ги извлековме

Што повеќе навлегувавме во проблематиката на мерењето на постигањата во граѓанското образование сè повеќе сфаќавме за колку сложена и сериозна работа сме се зафатиле. Многу појасни ни станувaа процесите на мислење и учење на граѓанското образование кај децата од одделенска настава. Во иднина многу поголемо внимание ќе треба да посветиме на тоа како децата ги учиме на граѓанско однесување.

Добивме сознанија дека ниските постигања во некои подрачја на граѓанското образование, особено оние сврзани со училиштето, се должат на несоодветна практика во училиштето која е спротивна на принципите на граѓанското однесување. Тоа ќе бара промени на ниво на целото училиште.

Исто така, ни стана јасно дека во врска со подрачјето „Државата" речиси и нема цели и содржини во наставните програми, а кај сите вклучени немаше сомнение дека за млада самостојна држава што уште има проблеми сврзани со осамостојувањето е неопходно до крајот на одделенската настава децата да добијат сознанија за државата и нејзиното функционирање.



Искуствата што ги стекнавме работејќи на стандардите за граѓанското образование ќе ги имаме предвид кога ќе работиме на националното оценување во други подрачја, особено во општествените науки.



Посветеноста на целиот тим на проектот, на наставниците од проектните училишта и на дел од другите наставници резултираше со високи очекувања во врска со постигањата на учениците, но сфативме дека учењето на граѓанските вредности и на граѓанското однесување е сложен, повеќестрано условен процес и дека е нереално да очекуваме брзи ефекти. Треба да се работи долгорочно, упорно и постојано да се следи што е постигнато и да се поставуваат наредните цели.



## ШТО ПОНАТАМУ

Работејќи на изготвување на стандардите се издиференцираа некои од активностите што во наредниот период треба да се преземат за да се подобри поставеноста на граѓанското образование, неговата реализација и постигањата на учениците.

- Граѓанското образование од сегашниот статус на одобрени прирачници со недоволно дефинирано време за реализација на содржините треба да стане обврзен дел од наставата во одделенската настава. Доминира идејата дека целите треба да се вградат во сите наставни предмети и соодветно на тоа во учебниците.
- Треба да се направат извесни измени во концептите и содржините што граѓанското образование ќе го направат посоодветно на нашата традиција и култура, како и да се постават цели што јасно ќе се однесуваат на организацијата и функционирањето на државата.
- Во реализацијата на граѓанското образование особено треба да се нагласи дека најефикасно се учи доколку паралелката и училиштето функционираат како организирани демократски заедници во кои се почитуваат принципите на граѓанското однесување. Тоа претпоставува внесување на нови содржини во обуките на реализаторите на граѓанското образование.
- Наставниците што го реализираат граѓанското образование треба да се обучат да ги користат и прифатат стандардите и постигањата на своите ученици да ги вреднуваат во однос на стандардите на државно ниво.
- Мерењето на постигањата во граѓанското образование треба да биде дел од националното оценување на постигањата на учениците. На тој начин ќе се обезбеди постојано следење на постигањата.
- Македонија треба да се вклучи во првото следно меѓународно мерење на постигањата во граѓанското образование. Со тоа ќе се промовира светската димензија на граѓанското образование, ќе се добијат нови сознанија и ќе се внесат нови гледања во врска со граѓанското образование.

Искуството од досегашната соработка во проектот „Граѓанско образование... Пат кон граѓанско општество" и во потпроектот „Стандарди за граѓанско образование" меѓу двата клучни партнери БРО (Одделение за оценување) и ЦРС – Тим за поддршка на граѓанското образование (сега Македонски центар за граѓанско образование – МЦГО) ветува дека овие два партнери и во иднина ќе имаат волја и способности да ги реализираат наведените активности со кои ќе се овозможи реалните постигања на учениците од одделенската настава да се приближат до стандардите на постигања во граѓанското образование.



**Горица Мицковска,**
советник
БРО, Скопје

# СОДРЖИНА

Кратенки ........................................................................................ 3

**Ќ. Џеладини:** Предговор ........................................................... 5

**Г. Ѓеорѓевска:** Вовед ................................................................ 7

**Тема: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ** ............................................................ 9

**Л. Ѓорѓиоска:** Програмите за граѓанско образование влијаат на промените кај децата ................................................ 10

**В. Панковска:** Искуства на наставниците од основните училишта кои го реализираат граѓанското образование во регионот на Куманово ........................................................... 14

**О. Наумоска:** Општествената улога и граѓанската мисија на училиштето ........................................................................ 19

**Н. Богданова, З. Глаева:** Организирана активност со учениците од IV одделение од ОУ „Страшо Пинџур“ во село Карбинци за решавање проблем по пат на студија на случај ... 26

**Џ. Беџули:** Успешно имплементиран план за акција од портфолиото по програмата „Ние народот... Проект граѓанин“ ............................................................................ 31

**П. Кошевац, М. Илиева:** Како работеше тимот за граѓанско образование на VI$^{2}$ одделение во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Радовиш ........................................................ 34

**Тема: ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО** ...... 43

**К. Синадиновска:** Родителско – училишна соработка ........... 44

**Д. Јанакопулу:** Вклучување на возрасните лица во наставата ........................................................................ 46

**М. Илиева:** Афирмација на демократските вредности преку партнерски односи на владиниот и невладиниот сектор во граѓанското образование ........................................................ 48

**Г. Мицковска:** Стандарди за граѓанско образование – патоказ кон постојано подигање на квалитетот ..................... 52

● ● ●
Издавач:
КАТОЛИЧКИ СЛУЖБИ ЗА ПОМОШ
CRS – МАКЕДОНИЈА
ул. „Дане Крапчев“ бр. 10а, Скопје

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**- Студии на случај -**

Лектура:
Сузана СТОЈКОВСКА

Графички дизајн:
Билјана МИХАЈЛОВСКА

Тираж:
1000 примероци

Печати:
ВИНСЕНТ ГРАФИКА